# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА
## НА ООУ„ИЛИНДЕН“- КРИВА ПАЛАНКА
## ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**Јули, 2025**

# С о д р ж и н а


1. Вовед....3
2. Лична карта на училиштето....4
   2.1.Општи податоци за училиштето....4
   2.2. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“....4
   2.3. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште ....7
   2.4. Податоци за вработените....8
   2.5. Податоци за учениците....9
3. Услови во кои работи училиштето....10
4. Мисија и визија на училиштето ....12
5. Планирање и реализација на воспитно-обрзовната работа ....13
   5.1. Задолжителна и изборна настава ....13
   5.2. Додатна и дополнителна настава....15
   5.3. Воннаставни активности....15
6. Заштита и унапредување на здравјето....22
7. Соработка на основното училиште со родителите....23
8. Работа со ученици со посебни потреби....24
9. Успехот и редовноста на учениците....24
10. Проекти кои се реализираат во училиштето....25
11. Извештај за работата на управните, раководните, стручните и други органи и тела во училиштето....30
    11.1. Извештај за работа на Директор....30
    11.2. Извештај за работа на Помошник директор....37
    11.3. Извештај за работа на Училишниот одбор ....39
    11.4. Извештај за работа на Наставнички совет....40
    11.5. Извештај за работа на стручни соработници....40
    11.5.1. Извештај за работа на училишен педагог за учебната 2024/2025 година……41
    11.5.2. Извештај за работа на училишен психолог за учебната 2024/2025 година ....42
    11.5.3. Извештај за работа на училишен специјален едукатор и рехабилитатор за учебната 2024/2025 година ....44
    11.5.4. Извештај за работа на училишна библиотека за учебната 2024/2025 година....46
    11.6. Извештај за работа на Инклузивен тим на училиште за учебната 2024/2025 година ....48
    11.7. Извештај за работа на Стручни активи....48
    11.7.1. Извештај за работа на стручен актив за одделенска настава за учебната 2024/2025 година ....49

11.7.2. Извештај за работа на стручен актив на Општествено-јазично подрачје за учебната 2024/2025 година ...52
11.7.3. Извештај за работа на стручен актив на Природно-математичко подрачје за учебната 2024/2025 година ...54
11.8. Извештај за работа на Совет на родители...57
11.9. Извештај за работа на Училишна заедница...58
11.9.1. Извештај за работа на Ученички парламент...58
11.9.2. Извештај за работа на Детската организација...62
11.10. Извештај за работа на Основната организација на Црвениот крст при ООУ„Илинден“-Крива Паланка за учебната 2024/2025 година ...66
11.11. Извештај за работа на Медиумски клуб...68
11.12. Извештај за работа на МИО активности...72
12. Професионален развој на наставниците и стручните соработници...75
13. Соработка на училиштето...77
14. Заклучни согледувања...78

Прилог за податоците за постигнатиот успех, редовноста и поведението кај учениците од I-IX одделение од учебната 2024/25 година ...80

# 1. В О В Е Д

ООУ „Илинден" Крива Паланка го изработува Годишниот извештај за работа, врз законска основа за донесување на Годишната програма за работа на општинското основно училиште, која е регулирана во член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002).

Годишниот извештај е документ кој ги содржи сите важни информации за оценка на училиштето и реализација на Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2024/2025 година.

Документи врз кои се темели Годишниот извештај се:

- Годишната програма за работа на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Националната програма за развој на образованието од 2024/2025 година;
- Наставните планови и програми;
- Концепцијата за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Програмата за развој на училиштето.

Во Извештајот се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и содржи факти и информации од аспект на:

- ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата;
- ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси и слично;
- ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови;
- ангажирање во реализацијата на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училиштен одбор, одделенски заедници, детска организација, ученички клубови, спортски активности и слично;
- ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес;
- ангажирање во реализацијата на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот;
- соработка со родителите, соработка со општината, соработка со бизнис заедницата, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;
- ангажирање во реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;
- ангажирање на стручните соработници во реализацијата на нивните програми.

Извештајот е разгледан и усвоен од Наставничкиот совет и Училишниот одбор.

# 2. Лична карта за училиштето

## 2.1.Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Илинден“ |
| Адреса, место, општина | Ул.„Наско Тамбурков“бр.80 Крива Паланка |
| Телефон | 031 375-078 |
| Факс | 031 375-078 |
| Веб-страница | ouilinden.edu.mk |
| Е-маил | ouilinden@yahoo.com |
| Основано од | Влада на Р.С.Македонија |
| Верификација-број на актот | 10-2481/3 од 02.09.1996г. |
| Година на изградба | 1974 |
| Тип на градба | Тврда |
| Бруто површина | 6520м² |
| Нето површина | 6017м² |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Вкупен број на училишни згради | 5 |
| Број на спортски терени | 3 |
| Број на училници | 45 |
| Број на паралелки | 40+3 комбинирани |
| Училишна библиотека, медијатека | 2 |
| Училиштето работи во смена | Една смена |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење на екстра лесно масло во матично училиште и огревни дрва во подрачните училишта |

## 2.2. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска настава и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **Одделенска настава** | Мултимедијална опрема Смарт табла -14<br>Лаптоп комјутери за секој наставник- 23<br>LCD проектор-14<br>SMART TV-23 | Гео табла со дадени шеми за развивање вештини за пред читање и пред пишување<br>Визуелни и едукативни помагала |

| | | |
|---|---|---|
| | Принтери-7<br>Музички системи 5<br>Лаптопи за одд. настава со 5 ормани за полнење<br>Збирки со задачи, детска литература<br><br>Дидактички реквизити (коцки, сложувалки, бројалки)<br>Човечко тело со внатрешните органи | Графомоторички и дидактички средства за деца со ПОП Картички дропки<br>Картички азбука |
| **Предметна настава** | LCD проектори 14<br>Смарт табли 14<br>Смарт ТВ 5<br>Принтери 4<br>Фотокопири 2<br>Комплет озвучување<br>Лаптоп 32<br>Статични компјутери 35 | |
| **Македонски јазик** | Лектирни изданија<br>Телевизор | |
| **Математика** | Геометриски прибор (триаголници, агломер, шестар и линијар) | Збирки задачи од VI-IX одделение кои би стоеле во училишната библиотека за потребите на наставниците и учениците |
| **Англиски јазик** | Табла со интерактивен уред Мимио Слушалки Гембирд МХП-903 (15 пара)<br>Звучници Гиниус СЊ-У21200<br>Видео проектор Епсон ЕБ-СО2<br>Лаптоп<br>Прожектор со платно<br>Смарт табла<br>Музички систем<br>USB-3, SMARTTV | Флеш карти по наставни содржини |
| **Биологија** | Модел на човечко тело (торзо)<br>Микроскоп оптички (1)<br>Модел скелет на човек<br>Модел на човечко око<br>Модел на бубрег кај човек<br>Модел анатомија на уво Постер дигестивен систем Постер крвоносен систем кај човек<br>Микроскопски препарати Модел пресек на стебло од монокотиледони растенија | Атлас анатомија на човек<br>Покривни стакленца за изработка на микроскопски препарати |

| | | |
|---|---|---|
| | Модел пресек на стебло од дикотиледони растенија | |
| **Географија** | Глобус<br>Карта на Македонија<br>Карта на Азија<br>Карта на Европа<br>Карта на Северна Америка<br>Карта на Јужна Америка<br>Карта на Австралија<br>Карта на Северен и Јужен пол<br>Компјутер,Атласи,Енциклопедии | |
| **Хемија** | Киселини<br>Хлороводородна, сулфурна киселина, натриум хидрооксид<br>Комплетно опремен кабинет за потребите на предметите Хемија и Природни науки<br>Периоден систем<br>Пипета капалка | Лабараториски сет<br>Лакмус<br>Термометар<br>Магнезиумова лента<br>Универзален индикатор<br>ПХ скала |
| **Физика** | Амперметар,Волтметар, Динамометар<br>Оптичка клупа<br>Електроскоп<br>Компас<br>Магнети<br>Уреди за ширење на телата при загревање<br>Резонатор<br>Ебонитна стаклена и полиетиенска прачка<br>Сет призми<br>Магнетно индукционо поле | Електромагнет<br>Променлив отпорник<br>Спетроскоп<br>Уред за претворање на енергија<br>Архимедов закон<br>Коса рамнина<br>Спектрометар<br>Демонстратори за 1,2,3 Њутнов закон |
| **Физичко и здравствено образование** | Чуњеви, Хулахопи, Ѓуле<br>Рипстоли, Стативи,<br>Ниска греда, Козлич, Кошеви<br>Столбови за одбојка,<br>Одбојкарска мрежа 1<br>Кошови два помошни<br>Стативи 2<br>Баскети<br>Одбојкарски топки, ракометни и фудбалски топки<br>Душеци<br>Сталки за прескок<br>Шведска клупа<br>Маркер скала | Душеци 3<br>Отскочна даска 1<br>Козлич 1<br>Баскети 5<br>Одбојкарски 5<br>Ракометарски 5<br>Фудбали 10<br>Јаженца 10<br>Медицинки 5<br>Бадминтон 4<br>Полутопки 10<br>Јаже за влечење<br>Маркер конус 10<br>Вага со висинометар<br>Шведски сандук<br>Топки за пилатес |

| | | |
|---|---|---|
| **Информатика** | 3 централни единици со 20 монитори<br>1 LCD проектор<br>Смарт табла<br>Компјутери 25 | |
| **Историја** | Карта на<br>Античка Македонија,<br>Римска империја,<br>Египетско царство,<br>Хелада<br>Македонија во првата и втората светска војна | Македонска<br>Средновековна држава,<br>Големите географски откритија,<br>Карпошово востание,<br>Распаѓање на<br>Османското царство |

## 2.3. *Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште*

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор (име и презиме)** | Благородна Стојнева,<br>Оливер Златковски,<br>Наташа Ц. Стојановска,<br>Даниела Груевска<br>Сузана Спасовска,<br>Антонио Додевски<br>Габриела Стојановска |
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | Тања Маџовска, Елена Ристовска, Елена Цоневска, Гордана Цветковска, Ивана Николовска, Христина Пешевска, Валентина Ангеловска, Андријана Георгиевска, Антонио Додевски, Сашка Ивановска Миленковска, Милена Младеновска, Елеонора Јосимовска, Љупка Јакимовска, Виолета Илиевска, Бојана Ристовска, Адријана Илиевска, Валентина Миленовска, Весна Д. Ѓоргиевска, Благородна Стојнева, Билјана Николовска, Валентина Павловска, Емилија Цветановска, Матилда Ивановска, Александра Ѓоргиевска, Милена Јосимовска, Весна Ивановска, Рената Ѓоргиевска, Елена Бошковска, Сузана Спасовска, Анета Ангеловска, Верица Ристовска, Светлана Крстевска, Анита Ристовска, Емилија Станковска, Сашка Пешовска, Адријана Георгиевска, Елеонора Спасовска, Јасмина Митевска, Марија Стоименова |
| **Стручни активи (видови)** | Стручен актив на одделенска настава:<br>-Живка Стоилковска<br>Стручен актив на општествено-јазично подрачје:<br>- Сања Јанковска<br>Стручен актив на природно-математичко подрачје:<br>- Оливер Георгиевски |

| | |
|---|---|
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенски наставници 23,<br>Совет на предметни наставници 36 |
| **Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)** | Лорета Димитровска-директор;<br>Ангела Крстевски-специјален едукатор и рехабилитатор;<br>Снежана Јакимовска-психолог;<br>Јасминка Станковска-одделенски наставник;<br>Адријана Додевска- предметен наставник;<br>Мирјана Станојковска-родител;<br>Ален Цветановски-родител |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | Заедница на парелелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедницата на паралелката, 43 ученици<br>Божица Ивановска- претседател на ученичкиот парламент |
| **Ученички правобранител** | Ина Димитровска |

## *2.4. Податоци за вработените*

| | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 84 | 26 | 58 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 61 | 19 | 42 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 5 | / | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 14 | 6 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори** | 1 | | 1 | | | | | | | | |

## *Степен на образование на вработени*

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | 2 |
| **Високо образование** | 63 |
| **Виша стручна спрема** | 2 |
| **Средно образование** | 14 |
| **Основно образование** | 1 |

## *Старосна структура на вработени*

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **20 – 30** | 6 |
| **31 – 40** | 19 |
| **41 – 50** | 29 |
| **51 – 60** | 20 |
| **61 – пензија** | 10 |

## *2.5. Податоци за учениците*

| Одделение | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| I | 4 | 47 | 26 | 15 | / | / | / | / | 4 | 2 | / | / |
| II | 4 | 49 | 24 | 21 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / |
| III | 3 | 39 | 14 | 20 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| IV | 5 | 48 | 18 | 25 | / | / | / | / | 3 | 2 | / | / |
| V | 6 | 65 | 31 | 28 | / | / | / | / | 2 | 4 | / | / |
| VI | 5 | 55 | 30 | 20 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| VII | 5 | 70 | 30 | 35 | / | / | / | / | 3 | 2 | / | / |
| VIII | 5 | 58 | 30 | 26 | / | / | / | / | 2 | / | / | / |
| IX | 5 | 83 | 40 | 40 | / | / | / | / | 2 | 1 | / | / |
| Вкупно | 43 | 514 | 243 | 230 | / | / | / | / | 21 | 20 | / | / |

# 3. Услови во кои работи училиштето

Општинското основно училиште „Илинден" е лоцирано на улица ,,**Наско Тамбурков" бр. 80** во Крива Паланка. Училиштето работи во една зграда, а воспитно-образовната дејност се реализира во една смена. Наставата во училиштето се реализира на македонски наставен јазик.

Во составот на основното училиште постојат подрачни деветогодишни основни училишта во селата Конопница и Мождивњак 1 и едно петгодишно во с. Мождивњак 2, каде наставата се изведува за учениците од **I** до **V** одделение.

Наставниот план и програми во училиштето во учебната **2024/2025** година ги реализираат **23** наставници во одделенска настава од **I** до **V** одделене и **38** наставници во предметна настава од **VI** до **IX** одделение.

Оваа учебна година имаме вкупно **43 паралелки**, од кои чисти паралелки се **40** и **3** се комбинирани и тоа во ПОУ„Илинден" во Мождивњак 1, 2 комбинирани со ученици од II и IV одделение и I и III одделение и 1 комбинирана во ПОУ „Илинден" во Мождивњак 2 со ученици од I и V одделение.

Во ООУ „Илинден" на почетокот на оваа учебна година се запишани вкупно **523** ученици, а на крајот на завршија **514 ученици**, за разлика од минатата година кога бројката изнесуваше **543** ученици.

Од вкупниот број ученици **372** се во матичното училиште, 86 ученици се во ПОУ„Илинден"-с.Конопница, **53** ученици се во ПОУ„Илинден"-с.Мождивњак 1 и **3** ученика се во ПОУ„Илинден"-с. Мождивњак 2.

***Општа констатација е дека бројот на учениците од година во година постепено опаѓа и е намален за 29 ученици.***

Во ООУ „Илинден" во учебната **2024/2025** година воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата.

На почетокот на учебната година извршена е и организациско-оперативна и кадровска подготвеност – распределба на одделенија, паралелки, поделба на часови и одделенски раководители. Конкретизирани се и други задолженија на наставниците во рамките на четириесет часовна работна седмица.

Пред почетокот на учебната година се обезбедени потребните хигиенско-технички услови за работа, односно сите училишни згради се генерално исчистени, променет е дел од дотрајаниот училишен инвентар, со санација на сите оштетувања на водовод и електрика во училиштето. Што се однесува на основниот инвентар, тој се обновува секоја година, но поради оштетување на истиот се јавува потреба од негово повторно обновување и надополнување како и набавка на нагледни средства. Континуираното модернизирање на просторните капацитети и дидактички средства се

прави со цел да се задоволат потребите на учениците и вработените и да се создадат пријатни услови за учење и реализирање на воспитно-образовната работа.

Од активностите за подобрување на опременоста на училиштето предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во текот на оваа учебна година се реализирани неколку активности меѓу кои:

1. Варосување на 6 училници во централното и 2 училници во подрачно училиште, како и ходникот на првиот кат од централното училиште со што се подобрени хигиенските услови во истите;
2. Сменети се подовите во 2 училници во централното училиште за подобрување на функционалноста и хигиената на истите;
3. Опремени се 6 училници во централното училиште со вариолајт завеси со што е подобрен естетскиот изглед и се подобрени условите за работа во истите;
4. Заменети се внатрешните врати на сите училници, кабинети, канцеларија, тоалети и спортска сала во ПОУ „Илинден"- Мождивњак 1, со што се подобрени условите за работа и безбедноста за реализација на наставниот процес;
5. Хортикултурно уредување со цвеќиња на училишниот двор и холот на централното училиште со што е подобрен естетскиот изглед;
6. Опремени се училниците од одделенска и предметна настава во ПОУ „Илинден"- Мождивњак 1 со нови клупи и стилчиња со што е подобрена функционалноста и естетскиот изглед;
7. Опремени се сите училници од централното училиште со катедри за наставниците, како и училниците од предметна настава со шкафови за сместување материјали на учениците;
8. Обезбедени униформи (по 2 поло маички и 2 дуксери) за сите ученици од I до IX одделение;
9. Доопремување на училишната библиотека со 192 лектири со што се подобрува реализацијата на наставата по македонски јазик и се овозможува поголема достапност до книги за учениците кои сакаат да читаат.
10. Реконструкција на просторија и доопремување на ученичко студио, со обработка на внатрешни ѕидови, плафон и замена на подни виназ плочка со ламинантен под. Изработка на електрична и мрежна инсталација со вградување на светилки. Студиото е доопремено со мебел и опрема донирана од Македонски институт за медиуми (МИМ);
11. Од Фондацијата за медиумите и граѓанско општество Македонски институт за медиуми (МИМ)-Скопје, за потребите на ученичкото студио- Медиумскиот клуб

при ООУ „Илинден“, ја донираа следната опрема: 3 држачи за микрофони, слушалки, миксета и 3 микрофони со кабли.

## 4. Мисијата и Визијата на училиштето

### МИСИЈАТА

На нашето училиште е:

*ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА ПОМЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ДА ГРАДИМЕ САМОДОВЕРБА, ОДГОВОРНОСТ, ПОЧИТУВАЊЕ И КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДА ПОСТИГНЕМЕ ВИСОКИ ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ.*

### ВИЗИЈАТА

Визијата на нашето училиште е истакната на видно место во училишниот хол, а наставниците, училишниот менаџмент, учениците, родителите и претставниците на локалната заедница училиштето го гледаат вака:

*СОЗДАВАМЕ МОДЕРНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕКОЈ УЧЕНИК ЌЕ ГИ РАЗВИВА СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ. УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ПОЧИТУВААТ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА, ИНКЛУЗИВНОСТ, СИГУРНОСТ, ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ, МУЛТИКУЛТУРНОСТ, КРЕАТИВНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА СЕКОЈ УЧЕНИК.*

# 5. Планирање и реализација на воспитно-образовната дејност

Учебната 2024/2025 година започна на 2 Септември 2024 година и траеше до 10 Јуни 2025 година.

Воспитно-образовната дејност во училиштето се одвива според Наставниот план за деветгодишно образование и Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, одобрени од Министерството за образование и наука. Според податоците добиени од одделенските раководители се констатира дека наставните содржини предвидени со Наставниот план и Наставната програма за оваа учебна година се целосно реализирани.

Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на сите други органи и тела во училиштето, како и програмите за работа на наставниците се навремено изготвени и прифатени и истите во континуитет се следат од страна на директорот и стручните соработници.

Наставата се изведува според Календар за организација и работата на основните училишта во учебната 2024/2025 година. Во текот на првото полугодие се реализирани вкупно 83 наставни денови, а во текот на второто полугодие се реализирани 97 наставни денови со што планираните 180 наставни часови од редовната настава се реализирани, а со тоа ѝ планираните наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава и воннаставни активности.

## 5.1. Задолжителна и изборна настава

Во текот на оваа учебна година во училиштето се организираше **задолжителна настава** за сите ученици од прво до деветто одделение. Наставата во училиштето се реализира во една смена во сите подрачни и во матичното училиште. Часовите започнуваат во 8:00 часот, седмиот час завршува во 13:30 часот.

Наставата во текот на првото учебната година се одвиваше плански. Сите наставници имаа изготвено годишни планирања и програми, планирања за додатна и дополнителна настава и критериуми за оценување. Наставата се изведува во училници и кабинети, интегрирана настава со примена на ИКТ во наставата и современи наставни средства. Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени фронтална, групна, индивидуална и други форми на работа со учениците и се користеше ИКТ во наставата. Преку наставата се настојуваше учениците да се оспособат за самостојна работа, при што за успешна реализација на истата се користеа

наставно - нагледни средства, и дидактични помагала. Во наставата покрај усното проверување се користеа и контролни вежби, писмени работи и тестови.

Задолжителен прв странски јазик е англискиот јазик кој се изучува од прво одделение до завршување на основното образование, а како втор странски јазик е германскиот јазик кој се изучува од шесто одделение до завршување на основното образование.

**Изборна настава** учениците посетуваат по изборни предмети преку кои им се дава можност да ги прошират и продлабочат своите знаења и да ги развиваат своите индивидуални способности. Изборот на предметите се врши преку анкети кои се спроведуваат во месец мај. Оваа учебна година учениците од VII-IX одделение ги изучуваат следните изборни предмети:

**Изборни предмети за учениците од VIII и IX одделение**
**за учебна 2024/2025 година**

| Одд | Изборен предмет | Наставник | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| **VIII** | Проекти од информатика | Марија Смиљков | 3 |
| | Истражување на родниот крај | Даниел Стојилковски | 2 |
| **IX** | Програмирање | Татјана Славова | 2 |
| | Програмирање | Марија Смиљков | 3 |

**Изборни предмети за учениците кои работат според новата Концепција за основно образование**

Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците во траење од 2 наставни часа неделно.

Во вториот образовен период (IV-VI одд.) слободните изборни предмети се определуваат според Водичот за слободни изборни предмети, според кој во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети, избира предмети што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година.

Во учебната 2024/2025 година учениците од **IV одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Учам за моето здравје,** додека во текот на второто полугодие го избраа предметот **Ликовно образование-сликање, цртање и вајарство.**

Во учебната 2024/2025 година учениците од **V одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Мултикултурна работилница,** а учениците од Мождивњак 2 го избраа предметот **Разрешување на**

**конфликти,** додека во второто полугодие го избраа предметот **Фигури од хартија-оригами.**

Во учебната 2024/2025 година учениците од **VI одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Религиите во светот**, додека во второто полугодие го избраа предметот **Имам право**.

## 5.2. Дополнителна и додатна настава

**Дополнителна настава** наставниците реалзираат со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето или се од оправдани причини подолго време отсутни од наставата. Дополнителната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава. Сите наставници од VII, VIII и IX одделение, кој работат според старата концепција водат евиденција во посебен образец.

**Додатна настава** се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област или предмет. Додатната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава. Наставниците од VII, VIII и IX одделение кои работат по старата концепција водат евиденција во посебен образец.

Прегледот на вкупниот број на планирани и реализирани часови во дополнителна и додатна настава за оваа учебна година е прикажан во табелата која е дадена во прилог на овој извештај, посебно за одделенската и предметната настава.

## 5.3. Воннаставни активности

Со учениците од нашето училиште во текот на учебната година се реализирани повеќе воннаставни активности, најчесто поврзани со наставните содржини, но и со одбележување на позначајни денови од календарот за работа и од еко-календарот, активности преку кои училиштето се афирмира во локалната средина-спортски и културно-уметнички активности, како учество на учениците во голем број на проекти кои се реализираат во училиштето меѓу кои:

- Одбележување на Детската недела под мотото **„*ПРАВАТА НА ДЕТЕТО– безбеден чекор кон среќно детство!*"**.
- Учество на ликовни и литературни конкурси;
- Учество на спортски манифестации;
- По повод месецот Октомври, како **„Месец на штедење"** на 22.10.2024 година најмалите ученици од I одделение во нашето училиште беа посетени од експозитурата на **УНИБанка** АД Крива Паланка каде дечињата беа запознаени

со основни знаења за детското штедење, а исто така и добија како подарок едукативен материјал.

- Претставници од полициската станица МВР-Крива Паланка во нашето училиште со учениците од I одделение реализирааа едукативна работилница на тема **„Сообраќаен Буквар''** - како да се однесуваме во сообраќајот.

- Месецот на книгата веќе традиционално се одбележува секоја година во периодот од 15 октомври до 15 ноември во училиштата, со цел популаризација на читањето меѓу учениците. Во нашето училиште оваа година, овој настан го одбележавме, а истовремено и зборативме. Го одбележавме со организирање на работилница на која учествуваа ученици од VII и IX одделение, кои на креативен начин изработија ѕидни паноа со инспиративни цитати на познати светски автори и научници на тема **„Книга и читање“.** Исто така, нашата библиотека – местото каде учениците ги прошируваат своите знаења, беше збогатена со 192 нови лектирни изданија.

- Учениците од IV одделение имаа несекојдневна можност да ја посетат Националната установа Македонскиот народен театар во Скопје. Со огромна љубопитност ги истражуваа тајните зад завесата – од сценографијата и костимографијата до актерска игра и режија. Ги посетија фоајето, малата сцена, големата сцена и изложбениот простор со културни и историски обележја поврзани со театарските случувања во државата. Ова незаборавно искуство кај учениците инспирира голема љубопитност кон театарската уметност.

- Одбележување на 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби**.

- Претставници од  Црвен Крст Крива Паланка на 20.12.2024 година во нашето училиште, со учениците од VII и VIII одделение реализирааа едукативно предавање на тема **„Превенција од болести на зависност“**.

- Претставници од полициската станица МВР-Крива Паланка одржаа презентација на тема: **„Да овозможиме безбедно да ги прославиме претстојните празници“,** а со учениците од IV и V одделение се реазлизираше и презентацијата **„Детска радост и тага“.**

- Според програмата за активности на Општина Крива Паланка**,** во областа на културата предвидени за 2024 година, на 27 Декември, на градскиот плоштад се организираше настан **„Новогодишен базар “**.

- Посета на Македонската опера и балет и можност да уживаат во магијата на балетот преку културно-едукативно искуство од **„Ореокршачка“.**

- Одбележување на 21 февруари- Меѓународен ден на мајчиниот јазик, со учениците од V одделение се одржа рецитал под наслов **„Мојот мајчин јазик“.**

- Одбележување на Светскиот ден на поезијата 21 Март, учениците го одбележаа со пригоден рецитал посветен на македонските поети Блаже Конески и Кочо Рацин под наслов **„Современи македонски поети".**
- По повод Светскиот ден на литературата за деца, се одржа работилница во која учениците на креативен начин читаа и пишуваа пораки од своите омилени ликови од книгите за деца.
- Одбележување на Светскиот ден на лицата со аутистичен спектар, учениците учествуваа во заедничка изработка преку која сите заеднички придонесуваме формирање на подобра средина, прифаќање и поддршка на различниот начин на функционирање.

- Проектот за борба против зависноста од цигарите **„Say No ti Smoking",** се реализираа активности од областа на образованието, здравствената заштита и унапредување на современата култура

- Одбележување на Патрон празник на училиштето- преку низа на активности (едукативни, културни и спортски настани) со кои се прославија историјата и вредностите што секојдневно ги негуваме.

- Во ПОУ „Илинден"-с.Мождивњак, НУ Центар за култура Крива Паланка го реализираше проектот **„Ментална гимнастика"** (читаме и пишуваме) од областа на библиотечната дејност одобрен и поддржан од Министерството за култура и туризам.

- Во чест на Просветителството и денот на просветителите 24 мај-Денот на сесловенските просветите Св. Кирил и Методиј, свечено беа прогласени најдобрите просветни работници и ученици на генерација од општина Крива Паланка.

- Свечено доделување на свидетелства на учениците од IX одделение и учениците кои континуирано постигнаа успех на секое поле и оставија белег во нашето училиште.

Во Годишната програма за работа за учениците се планирани и реализирани повеќе натпревари по следните предмети: математика, биологија, природни науки, англиски јазик, физика, хемија и географија.

## *ИВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 31.1.2025 | Регионален 15.3.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Андреа Стојановска | IV | Учество | Учество | Сузе Спасовска |
| 2 | Милан Младеновски | IV | Учество | Учество | Сузе Спасовска |
| 3 | Дамјан Вучевски | IV | Учество | Учество | Добри Јовевски |
| 4 | Катја Тренчовска | IV | Учество | / | Маре Ангеловска |
| 5 | Божил Митовски | V | I-награда | II-награда | Славица Ристовска |
| 6 | Коста Стојановски | V | Пофалница | / | Славица Ристовска |
| 7 | Дариа Величковска | V | Учество | / | Наташа Младеновска |
| 8 | Дарио Китановски | V | III-награда | / | Оливер Дејановски |
| 9 | Софија Алексовска | VI | III-награда | III-награда | Марија Ристовска |
| 10 | Јована Стаменковска | VI | III-награда | Пофалница | Марија Ристовска |
| 11 | Дарија Пешовска | VI | Учество | Пофалница | Марија Ристовска |
| 12 | Ева Трајчевска | VI | Учество | / | Марија Ристовска |
| 13 | Олег Јосимовски | VIII | Учество | Учество | Снежана Златковска |
| 14 | Михаил Митовски | IX | II-награда | Учество | Марија Ристовска |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО БИОЛОГИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

| Ред бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 14.2.2025 | Регионален 27.3.2025 | Државен 31.5.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Теона Дончевска | VII | Учество | Учество | / | Ивица Петровски |
| 2 | Ивона Николовска | VII | Учество | / | / | Ивица Петровски |
| 3 | Олег Јосимовски | VIII | III-награда | III-награда | / | Ивица Петровски |
| 4 | Јана Пешевска | VIII | III-награда | Пофалница | / | Ивица Петровски |
| 5 | Ина Димитровска | VIII | I-награда | III-награда | / | Ивица Петровски |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Марија Ивановска | IX | III-награда | Пофалница | III-награда | Славица Јакимовска |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 28.2.2025 | Регионален 4.4.2025 | Државен 17.5.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бисера Цветковска | IV | III-награда | III-награда | / | Маре Ангеловска |
| 2 | Христијан Илиевски | IV | II-награда | III-награда | / | Маре Ангеловска |
| 3 | Доротеа Маџовска | IV | I-награда | III-награда | / | Сузе Спасовска |
| 4 | Милан Младеновски | IV | II-награда | II-награда | Пофалница | Сузе Спасовска |
| 5 | Лана Ѓоргиевска | V | III-награда | Пофалница | / | Моника Дејановска |
| 6 | Анастасија Бошковска | V | III-награда | II-награда | II-награда | Моника Дејановска |
| 7 | Матеја Стојчевска | V | III-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 8 | Јана Митровска | V | Пофалница | Пофалница | / | Моника Дејановска |
| 9 | Ева Филиповска | V | I-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 10 | Софија Алексовска | VI | I-награда | II-награда | Учество | Моника Дејановска |
| 11 | Дарија Пешовска | VI | I-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 16.3.2025 | Регионален 12.4.2025 | Државен 10.5.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Константин Митовски | V | I-награда | I-награда | II-награда | Сања Јанковска |
| 2 | Ева Филиповска | VI | III-награда | I-награда | III-награда | Сања Јанковска |
| 3 | Никола Младеновски | VII | I-награда | II-награда | Пофалница | Адријана Додевска |
| 4 | Анастасија Стојановска | VII | II-награда | Пофалница | / | Адријана Додевска |
| 5 | Јоаким Митовски | VIII | III-награда | Пофалница | / | Адријана Додевска |
| 6 | Марија Ивановска | IX | II-награда | I-награда | II-награда | Љупка Стојановска |
| 7 | Петар Митовски | IX | II-награда | III-награда | / | Билјана Ј. Николовска |

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински | Регионален 5.4.2025 | Државен 7.6.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Михаил Митовски | IX | Учество за регионален | Учество за државен | Пофалница | Рајна Јакимовска |

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 21.2.2025 | Регионален 12.4.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мила Вучковска | IX | III-награда | II-награда | Бранка Митовска |

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАР ПО ГЕОГРАФИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 6.2.2025 | Регионален 7.3.2025 | Државен 25.4.2025 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Матеа Ѓоргиевска | VII | Учество | / | / | Оливер Георгиевски |
| 2 | Лина Стојчевска | VII | Учество | / | / | Оливер Георгиевски |
| 3 | Лина стојчевска | VII | Учество | Учество | / | Даниел Стојилковски |
| 4 | Ина Димитровска | VIII | II-награда | I-награда | Учество | Оливер Георгиевски |
| 5 | Михаил Смиљковски | VIII | I-награда | II-награда | Учество | Оливер Георгиевски |
| 6 | Олег Јосимовски | VIII | III-награда | Учество | / | Оливер Георгиевски |
| 7 | Ева стојановска | IX | Учество | / | / | Оливер Георгиевски |
| 8 | Божица Ивановска | IX | Учество | / | / | Оливер Георгиевски |
| 9 | Теона Тодоровска | IX | Учество | Учество | ./ | Даниел Стојилковски |

Од излети и екскурзиите планирани со Годишната програма за работа, реализирани се:

- Еднодневен **есенски излет** на 10 Октомври 2024 година со сите ученици. Излетот во матичното училиште се реализираше на две локации: учениците од одделенска настава го посетија Градскиот стадион, а учениците од предметна настава го посетија манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски. Учениците од ПОУ „Илинден"-с.Конопница го посетија блиското игралиште, а учениците од ПОУ „Илинден"- с.Мождивњак беа на посета во блиската околина. Целите на излетот се: воспитно-образовни и спортско-рекреативни.

- Со учениците од **деветто** одделение во период од 30.10.2024-01.11.2024 година се реализираше тридневна екскурзија низ Западниот дел на Македонија. Екскурзијата беше реализирана со 81 ученик со нивните одделенски раководители. Целта на истата беше запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски одбележја, релјефот како и запознавање со историјата на овие подрачја. Учениците имаа можност да се запознаат со убавините во Охрид како образовен центар и извор на писменоста на сите словенски народи.

- Со учениците од **трето** оддление на 01 Ноември 2024 година се реализираше еднодневна екскурзија со посета на градот Битола. Учениците имаа можност да ги посетат значајните места како што се: Хераклеа, природно-научниот музеј и националниот парк „Пелистер", историскиот музеј и Спомен собата на Кемал Ататурк, со што учениците ги проширија своите знаења за културно наследство и природните ресурси на Македонија.

- Со учениците од **петто** одделение во период од 19.5.2025-21.2.2025 година се реализираше тридневна настава во природа во Западна дел на Македонија. Наставата во природа беше реализирана со 55 ученици со нивните одделенски раководители. Учениците имаа можност да се запознаат со значајни места како што се: Мавровско езеро, манастирот св.Јован Бигорски, Дебарско езеро, реките Радика, Црн Дрим, Охридско езеро, манасти св. Наум Охридски, Заливот на коските, национален парк Галичица, куќата на Робевци и други значајни знаменитости во стариот дел од градот Охрид.

- Еднодневен **пролетен излет** на 20 Мај 2025 година. Излетот во матичното училиште се реализираше на две локации: учениците од одделенска настава го посетија Градскиот стадион, а учениците од предметна настава го посетија манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски. Учениците од ПОУ „Илинден"-с.Конопница го посетија блиското игралиште во местото наречено Рампа, а учениците од ПОУ „Илинден"- с.Мождивњак беа на посета во блиската околина. Целите на излетот се: воспитно-образовни и спортско-рекреативни преку кои учениците имаат можност за рекреација и развивање на спортски дух, развивање на другарство и социјализација и создавање навики за здраво живеење.

- Со учениците од **шесто** одделение во период од 28.4.2025-29.4.2025 година се реализираше дводневна екскурзија низ Источниот дел на Македонија. Екскурзијата беше реализирана со 39 ученици со нивните одделенски раководители. Учениците имаа можност да се запознаат со значајни места како што се: манастир Лесново, посета на музејот на восочни фигури, манастирскиот комплекс Водоча, Вељуса, Колешинските водопади, Дојранското езеро и прошетка низ градот Дојран.

# 6. Заштита и унапредување на здравјето

Училиштето континуирано се грижи за здравјето на учениците од повеќе аспекти: систематски прегледи, вакцинации, едукативни предавања и сл. Во текот на оваа учебна година во соработка со Здравствен дом - Крива Паланка со учениците е реализиран систематски и стоматолошки преглед според предвидениот распоред.

Со задолжителните стоматолошки прегладн се опфатени сите ученици од одделенската настава, а тие опфаќаат: залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите. Истите се реализираат во соработка со Здравен дом- Крива Паланка.

| **План за Систематски преглед и Залевање заби** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одделение** | **Време** | **Одговорни наставници** |
| **Систематски преглед** | I | ноември/декември | Наставници од прво одд. |
| | III | ноември/декември | Наставници од трето одд. |
| | V | ноември/декември | Наставници од петто одд. |
| | VII и IX | ноември/декември | Одделенски раководители од седмо и деветто одд. |
| **Залевање на заби** | IV | септември | Наставници од четврто одд. |
| | V | ноември | Наставници од петто одд. |
| | III | јануари | Наставници од трето одд. |
| | II | март | Наставници од второ одд. |
| | I | јуни | Наставници од прво одд. |

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, а се реализира во соработка со Здравен дом- Крива Паланка.

Покрај грижата за здравјето на учениците, училиштето води грижа и за здравјето на вработените. На 16.12.2024 година сите вработени беа упатени на редовен санитарен преглед во Здравствен дом-Крива Паланка.

Според насоките дадени од МОН и БРО за Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците, изготвена е програма и акционен план со активности за учебната 2024/2025 година. За активностите кои треба да се реализираат стручните соработници ги информираа родителите, наставниците и учениците. Секој месец се изготвува извештај и се доставува до назначен ментор од страна на БРО.

На ниво на училиште од стручните соработници и наставниците се реализирани вкупно 125 работилници за Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците.

Организирана едукативна работилница **„Крени глас против врсничко насилство"**- поддржана од компанијата Макпетрол. Оваа работилница е наменета за родителите и наставниците со цел да се сврти интересот кон проблемот со врсничкото насилство, наречено **булинг**, со којшто многу деца секојдневно се соочуваат.

Покрај тоа стручните соработници, одделенските раководители и наставниците според своите програми за работа реализирааа едукативни работилници за здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности.

# 7. Соработка на основното училиште со родителите

Информираноста на родителите од оваа учебна година е подобрена и е на повисоко ниво, односно родителите преку електронскиот дневник добиваат неделни извештаи за активностите на нивните деца на училиште.

Соработката со родителите се реализира и преку индивидуални и групни средби на кои се дискутира за напредокот и постигнувањата на учениците, нивниот успех, поведение и изостаноци и се работи на надминување на утврдени проблеми на ученикот. Во текот на оваа учебна година се реализирани **шест групни родителски средби**. Континуирано, во текот на целата учебна година во соработка со одделенските раководители се вршеа редовни месечни прегледи на состојбите во паралелките, при што се идентификуваа случаи со *зголемен број изостаноци* или *намален успех на учениците*. Со учениците кои покажуваа тенеденција на отсуство од наставата, работеше педагошко-психолошката служба и одделенскиот раководител, директорот и родителите. На истиот начин беа разрешувани проблемите со учениците кои покажуваа послаби резултати во наставата. На крајот на секој класификационен период, беше интензивирана соработката со учениците и нивните родители од страна на педагошко - психолошката служба, одделенските раководители и директорот, а беше организирана и дополнителна настава по предметите по кои учениците постигнуваа послаби резултати.

Во однос на **намалувањето на изостаноците**, **подобрувањето на успехот** и **редовноста на учениците**, беа организирани групни и индивидуални советувања на ученици и родители согласно Програма за советување на ученици и родители.

Во текот на оваа учебна година според Програма за Советување на родители и ученици се реализирани работилници со родители и ученици и тоа:

- 3 групи за ученици кои нередовно посетуваат настава, вклучени 23 родители за 25 ученици од кои 4 ученици не посетуваат настава, за што е известен и ДПИ и ЈУМЦСР;
- Три групи за ученици со намален успех, присутни 27 родители за 29 ученици;

- Во работилниците беа вклучени 50 родители за 54 ученици од кои 4 ученици не посетуваат настава;
- Реализирани се работилници за советување со ученици, со вкупно 54 ученици во 6 групи.

# 8. Работа со ученици со посебни потреби

Нашето училиште во делот на образовната инклузија соработува со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби. Целта на поддршката што ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците со попреченост да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали, да стекнат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

Во нашето училиште во учебната 2024/2025 година, вкупно 3 ученици со посебни образовни потреби имаат добиено препорака од Комисијата за функционална проценка за користење на услугата образовна асистенција и тоа по еден ученик во прво, четврто и седмо одделение.

За двајца ученици, според дадената проценка, наставата ја следат по ИОП и Модифицирана програма, без користење на образовна асистенција. За секој ученик е формиран Инклузивен тим за ученикот кој изготвува и ја следи наставата според индивидуален образовен план (ИОП) или Модифицирана програма како и Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики на ниво на училиште.

# 9. Успехот и редовноста на учениците

Во ООУ „Илинден“ учебната година започна навреме, односно на 2 Септември 2024 година и заврши на 10 Јуни 2025 година . Во овој период се реализирани сите содржини кои се предвидени со наставните програми во 180 наставни денови.

На почетокот на учебната година се запишани вкупно 523 ученици. Во текот на првото полугодие 9 ученика се испишани, а 1 ученик е запишан со што вкупната бројка на ученици на крајот на првото полугодие изнесува 515 ученици. 373 ученици се во матичното училиште, 86 ученици се во ПОУ Конопница, 53 ученици се во ПОУ Мождивњак 1 и 3 ученика се во ПОУ Мождивњак 2.

На крајот на учебната година, со описно оценување се опфатени учениците од I-III одделение или вкупно 135 ученици. Учениците од IV-IX се оценети со бројчани оценки или вкупно 377 ученици, 1 ученик е неоценет и 2 ученици од VI и VII одделение се описно оценети по Модифицирана програма. Од вкупниот број на ученици, 245 ученици имаат одличен успех или 64,47%, 88 ученици имаат многу добар успех или 23,16%, 30

ученици имаат добар успех или 7,89%, 14 ученика имаат доволен успех или 3,69% и 1 ученик е неоценет.

Во однос на успехот по одделенија, најдобар успех имаат учениците во V одделение со среден успех 4,72, потоа учениците од IX одделение со среден успех 4,50 и на крај учениците од VIII одделение со среден успех 4,27. На ниво на училиште средниот успех изнесува 4,48.

По однос на половата структура од 245 одлични ученици, 133 се женски. Од 88 ученици со многу добар успех, 32 се женски. Од 30 ученици со добар успех,11 се женски и 14 ученички со доволен успех, 4 се женски и 1 ученик со недоволен успех.

По однос на успехот на учениците по предмети, може да се заклучи дека најдобар успех учениците покажуваат по предметите Истражување на родниот крај 5,00, Разрешување на конфликти 5,00, додека пак најслаб успех учениците имаат по предметите Природни науки 3,94 и Географија 3,85.

Во текот на оваа учебна година направени се вкупно 9 400 изостаноци или 18,25 изостанок по ученик.

Изречени се вкупно 17 педагошки мерки од кои 12 усна опомена, 3 писмена опомена и 2 укор на 12 ученици.

**Податоците за постигнатиот успех, редовноста и поведението кај учениците од I-IX одделение од учебната 2024/2025 година подетално се прикажани во табеларните прегледи кои се дадени како прилог на овој извештај.**

# 10. Проекти кои се реализираат во училиштето

Оваа учебна година училиштето продолжи со реализација на активности од повеќе проекти:

- Од проектот **„Меѓуетничка интеграција во образованието"** оваа учебна година се реализираа активности по претходно изготвена програма од наставниците во рамките на училиштето, односно реализирани се голем број на самостојни мултикултурни работилници во училиштето преку ОЖВ и по многу други предмети. Нашето училиште аплицираше за грант за реализација на активности кои придонесуваат за унапредување на мултикултурализмот, мултиетничката интеграција и толеранција за 2024/2025 година и продолжуваат активностите со партнер училиштето ООУ„Симче Настовски" од Јажинце;

- Училиштето продолжи со реализација на активности по претходно изготвена програма за **„Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"**.

- Проектот од ФУСМАК и ФФМ **„Фудбал во училиштето",** каде се опфатени учениците и наставниците по предметот Физичко и здравствено образование.

- **ГЛОБЕ (Global Learning and Observations to Benefit the Environment)** е меѓународна програма која ги поврзува учениците, наставниците и научниците од над 120 земји. Како дел од престижната ГЛОБЕ програма, нашето училиште доби нова опрема за атмосфера. Целта на програмата е да ги инспирира младите генерации да учат за животната средина преку практични истражувања и научни набљудувања. Со новата опрема, нашите ученици ќе можат активно да учествуваат во овој глобален проект и да придонесат за подобра иднина на планетата! Сега нашите ученици преку искуствено учење ќе можат да вршат прецизни мерења и директно да ги внесуваат податоците на ГЛОБЕ мрежата, придонесувајќи за глобалниот мониторинг на животната средина. Проектот се реализира во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

- Проект **„Безбедно училиште"-** во текот на учебната година се вршат презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: конфликти, штетност од дрога, алкохол, а исто така се работеше на превенција на насилството и реализација на активности во прилог на намалување на насилството и подобрување на менталното здравје.

- Проект **„Училишта кои го промовираат здравјето"-** зајакнување на капацитетот како безбеден и здрав амбиент за живеење, учење и работа. Преку овој проект, на училиштето се унапредува здравјето и образовните достигнувања, преку искористување на организацискиот потенцијал на училиштата за унапредување на севкупното здравје на учениците и за постигнување на позитивни образовни резултати.

### *Други реализирани активности во училиштето се:*

- По повод 2-ри Септември во училишниот хол се организираше пригодна програма со свечен прием на првачињата на првиот училишен ден во присуство на родителите, наставниците, директорката и градоначалникот на Општина Крива Паланка кои се обратија пред присутните и на првачињата им посакаа успешен почеток на нивното школување.

- Во периодот од месец октомври по повод Европска недела на спортот се одржаа спортски активности-турнири за сезоната 2024/2025 година. Се реализираа општиснките натпревари во футсал во машка и женска категорија на кој учествуваат учениците.

- По повод месецот Октомври, како **„Месец на штедење"** на 22.10.2024 година најмалите ученици од I одделение во нашето училиште беа посетени од експозитурата на **УНИБанка** АД Крива Паланка каде дечињата беа запознаени со основни знаења за детското штедење, а исто така и добија како подарок едукативен материјал.

- Одбележување на Детската недела под мотото ***„ПРАВАТА НА ДЕТЕТО– безбеден чекор кон среќно детство!"***. Читање пораки за правата и должностите на децата, видео запис и презентација со кое ги повторија и воедно се потсетија на детските права и должности кои ги имаат децата во светот. Им посакавме добредојде на нашите првачиња во Детската организација кои даденото ,,Ветување" едногласно го слушнаа и заедно го повторија.

- Месецот на книгата веќе традиционално се одбележува секоја година во периодот од 15 октомври до 15 ноември во училиштата, со цел популаризација на читањето меѓу учениците. Во нашето училиште оваа година, овој настан го одбележавме, а истовремено и збогативме. Го одбележавме со организирање на работилница на која учествуваа ученици од VII и IX одделение, кои на креативен начин изработија ѕидни паноа со инспиративни цитати на познати светски автори и научници на тема **„Книга и читање".** Исто така, нашата библиотека – местото каде учениците ги прошируваат своите знаења, беше збогатена со 192 нови лектирни изданија.

- **„Кога теоријата се поврзува со праксата знаењата остануваат трајни"-** претставници од полициската станица МВР-Крива Паланка, во нашето училиште со учениците од I одделение реализираа едукативна работилница на тема **,,Сообраќаен Буквар"** - како да се однесуваме во сообраќајот.

- Одбележување на 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со попреченост**. Традиционално и оваа година нашите ученици во соработка со Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака" Крива Паланка, учествуваа на литературен и ликовен конкурс и со своите ликовни и литературни творби го одбележаа меѓународниот ден и испратија јасна порака.

- Според програмата за активности на Општина Крива Паланка, во областа на културата предвидени за 2024 година, на 27 Декември, на градскиот плоштад се организираше настан **„Новогодишен базар "**. На овој настан со свои лични изработки учество зедоа и учениците од нашето училиште, кои со своите различни, богати и многубројни изработки го збогатија овој настан. Настанот беше од продажен карактер, а собраните средства ќе бидат наменети за хуманитарни цели.

- Учениците од IV одделение ја посетија Македонската опера и балет и имаа можност да уживаат во магијата на балетот. Културно-едукативно искуство од „Ореокршачка"- ги поврза наставните содржини од музичко, ликовно, македонски јазик и математика, преку збогатување на нивните знаења и поттикнување на креативноста.

- По повод 21 февруари- Меѓународен ден на мајчиниот јазик во нашето училиште, со учениците од V одделение се одржа рецитал под наслов „Мојот мајчин јазик"

и на креативен начин ни укажаа на должноста дека секој човек треба да го почитува, негува и чува својот јазик, а исто така треба да ја почитува и повеќејазичноста во светот, бидејќи секој јазик е нечиј мајчин јазик.

- По повод Светскиот ден на поезијата 21 Март, учениците го одбележаа со пригоден рецитал посветен на македонските поети Блаже Конески и Кочо Рацин под наслов „Современи македонски поети". Целта на овој настан е песните да се рецитираат усно, за да се збогати речникот на учениците и да се запознаат со богатото творештгво на двајцата македонски современици.

- Преку проектот „Фудбал во училиштето" и Носител-Фудбалска федерација на Македонија, во соработка со ФУСМ, учениците од IV и V одделение при ООУ „Илинден"-Крива Паланка, со наставниците по физичко и здравствено образование ја реализираа својата неделна активност.

- По повод Светскиот ден на литературата за деца, се одржа работилница во која учениците на креативен начин читаа и пишуваа пораки од своите омилени ликови од книгите за деца. Целта на овој настан е да се истакне љубовта кон читањето кај децата и да се нагласи важноста на книгите. Исто така овој значаен ден се одбележува во чест на познатиот детски писател Ханс Кристијан Андерсен.

- По повод Светски ден на лицата со аутистичен спектар, учениците учествуваа во заедничка изработка преју која сите заеднички придонесуваме формирање на подобра средина, прифаќање и поддршка на различниот начин на функционирање.

- Проектот за борба против зависноста од цигарите „Say No ti Smoking", во нашето училиште се реализираа активности од областа на образованието, здравствената заштита и унапредување на современата култура. Овој проект се реализира со поддршка од Австалиската Амбасада и стручниот тим на ЕКТЕР ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ, проф. Д-р. Наташа Трајковска Најдовска и наставник: Весела Богдановиќ и соработникот од нашето училиште наставник-ментор: Добри Јовевски.

- Одбележување на Патрон празник на училиштето- преку низа на активности (едукативни, културни и спортски настани) со кои се прославија историјата и вредностите што секојдневно ги негуваме. Учениците од I и II одделение учествуваа со изложба на цртежи во холот на училиштето на тема **„Пролет"**. Учениците од III до IX одделение учествуваа со поетско читање на литературни твори, кои учестуваа на литературен конкурс на тема: **„Другарството е дел од детската среќа".** Учениците од IV до IX одделение учестуваа во спортски активности. Учениците од IV одделение се натпреваруваа во забавни штафетни

игри, додека учениците од V до IX одделение играа футсал и кошарка. Најдобрите спортисти добија дипломи за нивниот успех.

- Во ПОУ „Илинден"-с.Мождивњак, НУ Центар за култура Крива Паланка го реализираше проектот „Ментална гимнастика" (читаме и пишуваме) од областа на библиотечната дејност одобрен и поддржан од Министерството за култура и туризам. Се реализираше едукативно-креативна работилница за учениците од I и V одделение под менторство на Елеонора Николовска и нивните одделенски раководители со поддршка од Даниела Петровска-раководител на Библиотечната дејност од установата во Крива Паланка.

- По повод 24 мај денот на сесловенските просветите Св. Кирил и Методиј, учениците од VII одделение од нашето училиште со своите наставници го посетија Градскиот музеј во соработка со ЛУ Градски Музеј-Крива Паланка. Преку работилница и презентација учениците ги проширија своите знаења за денешната писмненост.

- На свечената академија во чест на Просветителството и денот на просветителите 24 мај-Денот на сесловенските просветите Св. Кирил и Методиј, свечено беа прогласени најдобрите просветни работници и ученици на генерација од општина Крива Паланка. Од нашето училиште беа прогласени: Јасминка Станковска-најдобар просветен работник во одделенска настава за учебната 2024/2025 година и Марија Ивановска- првенец на генерација за учебната 2024/2025 година.

- Посета на дечињата од ОУГД Детска градинка **„Детелинка"**-Крива Паланка кои ќе бидат нашите идни првачиња. Тие имаа можност да се запознаат со просториите на училиштето и со насмевки да се подготват за следната учебна година.

- Учениците од IV одделение имаа можност да ја посетат Владата на Република Северна Македонија, да се запознаат со нејзините органи, работата на Претседателот на Владата и министрите, како и со процесот на спроведување и предлагање на закони. Посетата им помогна на учениците да ја изградат целосната слика за тоа како функционира државата и како институциите придонесуваат за создавање на подобри услови за живот и работа во нашата држава.

- Свечено доделување на свидетелства на учениците од IX одделение и учениците кои континуирано постигнаа успех на секое поле и оставија белег во нашето училиште. Ученичката Марија Ивановска-првенец на генерација за учебната 2024/2025 година, Божица Ивановска, Михаил Митовски и Ева Стојановска-пофалени ученици за учебната 2024/2025 година.

# 11. Извештај за работа на раководните, управните, стручните и други органи и тела во училиштето

## 11.1. *Извештај од работа на Директор*

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето. Појдовна основа за планирањето на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и комплетната слика за потребите на корисниците на услугите - учениците и родителите, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно образовниот процес.

Во рамки на планирањето на работата директорот има сериозен приод кон зајакнување на компетенциите преку анализи на состојбите и препораки, постојано следење на работата и упатување на позитивни облици на однесување кои ќе се рефлектираат на подобар амбиент.

| Програмска содржина | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Анализа на материјално техничката состојба во училиштето | Административно-технички персонал | Јули,август |
| Анализа на кадровската состојба - состојби и потреби | Директор, Секретар | Јули,август |
| Распределба на наставници по предмети и одделенија. Распределба на одделенски раководители во прво и шесто одделение | Наставници, Стручни соработници | Август |
| Формирање тимови за конкретни работни задачи,комисии и слично | Наставници, Стручни соработници | Континуирано |
| Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал | Стручни активи, Стручни соработници | Август |
| Назначување ментори на приправниците | Наставник ментор, Стручни соработници | Континуирано |
| Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието | Министерство за образование, БРО, Локална самоуправа | Континуирано |
| Насоки и координација во планирањето и програмирањето | Директор, Стручни соработници | Август |

| | | |
|---|---|---|
| Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето | Стручни активи,<br>Стручни соработници,<br>Одделенски раководители | Август |
| Свечен прием на првачиња | Наставници,<br>Стручни соработници | Септември |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците | Директор,<br>Стручни соработници,<br>наставници | Септември |
| Работа со наставниците почетници | Стручни Соработници,<br>Наставник - ментор | Континуирано |
| Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот. | Директор,<br>Хигиеничари,<br>Наставници,<br>Ученици | Континуирано |
| Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошката документација во училиштето | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Анализа, интерактивни состаноци со повратна информација и сугестии за подобрување на планирањата на работата на наставниците | Наставници,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до директорот | Директор,<br>Стручен соработник | Континуирано |
| Организација и одржување на прва седница на Ученички парламент | Стручен соработник,<br>Наставници,<br>Ученичка заедница | Септември |
| Планирање и програмирање на работа на Наставнички совет | Стручни соработници | Септември |
| Следење на планирањата на објективното оценување на учениците со поттикнување на самопроценување на приодот на наставниците | Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Свикување конститутивна седница на Совет на родители | Помошник директор,<br>Стручни соработници | Септември |
| Работа со одделенски раководители за реализација на одделенски часови | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Одделенски раководители | Септември/<br>Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Подготовка и реализација на екскурзии | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Септември |
| Посета на часови од I до IX одд. | Директор,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Преглед на одделенските дневници и главни книги | Директор,<br>Комисија за преглед | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми, методи и средства во наставата | Директор,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Организација и прием на првачињата во Детската организација | Одговорен наставник,<br>Стручни соработници | Октомври |
| Учество во изготвување на акционен план за ментално здравје, безбедност | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Октомври |
| Учество на напредна обука за директор организирана од ДИЦ на тема: Оценување | Директор | Октомври |
| Поддршка на работата на Медиумскиот клуб | Директор,<br>Одговорни наставници | Континуирано |
| Усовршување на формите на соработка со родителите | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Родители | Континуирано |
| Увид во работата на хигиеничарите | Директор,<br>Помошник директор,<br>Домаќин,<br>Хигиеничари | Континуирано |
| Организација и одржување на Одделенските совети за првото тримесечје | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Ноември |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото тримесечје | Директор,<br>Стручни соработници<br>Наставници | Ноември |
| Изработка предлог финансов план и негово донесување согласно предвидените законски процедури | Директор,<br>Сметководител,<br>Училишен одбор | Ноември |
| Учество во подготвување на апликација за добивање гранд од МОН за реализација на | Директор,<br>тим за МИМО | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| МИМО активности | | |
| Соработка со учениците за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, паралелки или индивидуално | Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Соработка со Мировен корпус | Директор,<br>Одговорни наставници<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Индивидуални советувања на родители чии деца имаат потешкотии во учењето или покажуваат несоодветно однесување | Стручни соработници,<br>Директор | Континуирано |
| Увид во работата на Стручните активи | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава како и примена на ИКТ во наставата | Директор,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Обезбедување на училиштето со стручна литература | Наставници,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата или се недисциплинирани | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Одделенски раководители | Континуирано |
| Организација на попис на ситен инвентар и на основни средства и благајнички записи,формирање на пописни комисии | Домаќин,<br>Сметководител,<br>Пописна комисија | Декември |
| Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Декември |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Декември |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на училиштето во првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јануари |
| Стручно усовршување на наставниот кадар и стручни | Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| соработници (интерни семинари,обуки од БРО) | | |
| Уредување на WEB страната на училиштето, како и објавата на активности на социјалните мрежи | Директор,<br>Одговорни наставници | Континуирано |
| Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проектиод интерес на заедницата и на училиштето | Директор,<br>Наставници | Континуирано |
| Активно учество во работата на Училишниот одбор и спроведување на нивните одлуки | Директор,<br>Членови на УО,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Соработка со институции значајни за работата на училиштето:<br>-Центар за социјални работи;<br>-Општинска организација на Црвен Крст;<br>-Здравствен дом Крива Паланка;<br>-Невладини организации,<br>-Европска куќа крива Паланка | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Следење и увид во работата на административната служба на училиштето | Директор,<br>Административна служба | Континуирано |
| Учество во работата на УИТ | Директор,<br>Психолог,<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Континуирано |
| Планирање и учество на потребните набавки за обезбедување на непречено тековно работење на училиштето и подобрување на условите за работа | Директор,<br>Наставници,<br>Комисија за јавни набавки | Континуирано |
| Увид во работата на библиотеката- стручен и детски печат (списанија) | Директор,<br>Библиотекар | Февруари |
| Увид во работата на училишната заедница | Директор,<br>Одговорни наставници | Февруари |
| Транспарентно усвојување на завршна сметка | Директор,<br>Училишен одбор | Февруари |
| | Директор, | Април |

| | | |
|---|---|---|
| Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето, задолженија по активи, програма и слично | Стручни активи,<br>Стручни соработници | |
| Одбележување на Патрон празникот на училиштето | Директор,<br>Одговорни наставници,<br>Стручни активи | Мај |
| Спроведување на уписот во прво одделение | Стручни активи,<br>Одговорни наставници | Мај |
| Организација и реализација на активности од Генералка викенд | Директор,<br>Одговорни наставници | Мај |
| Организирање и реализација на Настава во природа | Одговорните наставници | Мај |
| Организирање состанок на одделенската заедница и родителите на деветто одделение за полуматурска забава | Директор,<br>Наставници,<br>Родители | Мај |
| Организација и учество на заеднички активности со партнер училиштето во рамки на МИМО проектот | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Јуни |
| Организација и одржување на Одделенски совети на крајот од учебната година | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јуни |
| Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јуни |
| Организирање и свечено доделување на свидетелста и дипломите на полуматурантите и пофалените ученици | Директор,<br>Одделенски раководители на деветто одделение | Јуни |
| Увид во изготвување на распоред за изведување на одделенски испити и формирање комисии за организирање на истите | Директор,<br>Наставници | Јуни |
| Утврдување на успехот на учениците од одделенските испити на Наставнички совет | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јуни |
| Подготовка за изработка на статистички и текстуален Годишен извештај за работата на училиштето | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јуни |
| | Директор,<br>Стручни соработници, | Јуни,јули |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на Годишна програма за ескурзии и излети на училиштето | Стручни тимови | |
| Организирање на доделување свидетелства за завршени одделенија | Директор, Одделенски раководители | Јуни |
| Отворен ден за идните првачиња | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јуни |
| Активно учество во работата на Училишниот одбор и спроведување на нивните одлуки | Директор, Членови на УО, Стручни соработници | Континуирано |
| Разгледување на Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година и Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година | Директор, Наставници, Стручни соработници | Јули |
| Следење и увид во работата на административната служба на училиштето | Директор, Административна служба | Континуирано |
| Изготвување на предлог листа на нагледни средства и помагала кои треба да се дообезбедат и докомплетираат | Претседатели на стручни активи, Наставник-ментор | Август |
| Изготвување на извештаи, информации, анализа за часовите за работа на училиштето, наставниот кадар, успехот и поведението на учениците по класификациони периоди, реализација на Годишната програма за работа на училиштето | Директор, Стручни соработници, Секретар | Контирунирано |

Изготвил:
**Лорета Димитровска-директор**

## 11.2. *Извештај од работа на Помошник директор*

Помошник директорот во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, обавува раководни и педагошки работи во училиштето. Во соработка со Директорот на училиштето, своите работни обрски во потполност се реализирани, преку континуирана соработка со сите структури кои делуваат во училиштето.

| Програмска содржина | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето | Директор, Помошник директор Стручни соработници, Наставници | јули |
| Изготвување на Годишна програма за работа на Помошник директор | Помошник директор | јули |
| Прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето | | Континуирано |
| Поттикнување атмосфера во училиштето со која гради позитивна клима | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници, | Континуирано |
| Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници, | јуни |
| Воспоставување механизими за поддршка на наставнциите и учениците со што придонесува за нивните високи постигања | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Воспоставување систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиште вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потребни (ПОП) | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Воспоставува добра хоризонтална и вертикална соработка (во активи, помеѓу активи и други тела) | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Поддршка на реализација на програми, ученички организации, секции, програми што работат во училиштето | Директор, Помошник директор, Стручни соработници, Наставници, | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | Ученици | |
| Организација и реализација на различни акктивности (превентивни, хуманитани, културни) во соработка со локалната заедница | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Соработка со сите вработени | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници,<br>Помошно-технички персонал,<br>Административни службеници | Континуирано |
| Создравање и одржување позитиви односи со родителите, вработените и учениците | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Активно слушање и почитување на ставовите, интересите и мислењата на другите | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Користење на приспособен начин на комуникација за да се надминат недоразбирања | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Поттикнување на вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Разговори, совети и конструктивни предлози со вработени | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Транспарентно работење и правична распределба на ресурси и можности за професионален развој | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Поттикнува дискусии со наставниците во функција на процена и самопроцена на квалитетот на наставата и | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| вoннаставните активности со поддршка и поттикнување на искуствено учење | | |
| Формира работни тимови, учество и следење на изработка на Годишната програма на училиштето | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Следи наставни часови и дава повратни информации | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Посета на наставни часови со цел следење на реализација на наставата | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Поттикнува дискусија со наставниците кои реализираат активности поврзани со проекти | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Работа со учениците кои постигнуваат високи резултати во наставата и воннаставните | Директор,<br>Помошник директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници,<br>Ученици | Континуирано |

Изготвил:
**Маја Митровска-помошник директор**

## 11.3. *Извештај за работа на Училишен одбор*

**Училишниот одбор е составен од 7 члена** и работи соогласно сопствена Годишната програма за работа. Во текот на оваа учебна година сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од УО, а со нив раководи претседателот на УО. Состаноците се од отворен карактер и по потреба покрај членовите на УО присуствуваат и директорот, секретарот, стручната служба како и претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Училишниот одбор во текот на оваа учебна година се одржаани **7 седници** на кои се разгледани поголем број на различни прашања и донесени одлуки за истите, меѓу кои:

- Усвојување на записници од претходните седници;
- Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето и Извештајот за работа на училиштето во изминатата учебна година;
- Предлог за избор по објавен јавен оглас за пополнување на работно место;
- Предлог – Годишен финансиски план за 2025 година;
- Донесува одлука за спроведување попис;

- Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

## 11.4. *Извештај за работа на Наставнички совет*

Наставничкиот совет во текот на оваа учебна година одржа **10 седници** на кои беа разгледувни следниве аспекти на наставата:

- Запознавање со извршените подготовки за започнување на учебната година и конкретизирање на обврските и задолженијата на наставниците;
- Снабдување со учебници и инплементација на новата концепција за I-VI одделение;
- Одредување на одделенски раководители за I и VI одделение во матичното и подрачните училишта;
- Успехот, редовноста и дисциплината учениците по класификациони периоди;
- Предлози и мерки за подобрување на успехот и поведението;
- Извештај од реализирани активности;
- Извештај од реализирани екскурзии и излети;
- Актуелни прашања од наставата и прашања од стручен карактер;
- Останати прашања поврзани со работата на училиштето.

## *11.5. Извештај за работа на стручни соработници*

Стручните соработници во ООУ „Илинден"- психолог, педагог, библиотекар и специјален едукатор и рехабилитатор имаат изготвено годишни програми за работа и во текот на оваа учебна година ги реализираа активностите планирани согласно со програматите за работа.

Стручните соработници своите работни должности ги извршуваат согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Инструментот за вреднување на постигањата на работните должности на стручните соработници.

Својата работа воглавно ја реализираа преку следниве подрачја:

- Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа;
- Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето;
- Советодавно-консултативна работа со наставниците;
- Работа со учениците;
- Соработка со родителите;
- Аналитичко-истражувачка работа (изготвување на стручни материјали);
- Општо стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар;
- Водење педгошка евиденција и документација.

### 11.5.1. *Извештај за работа на училишен педагог за учебната 2024/2025 година*

Во текот на учебната година реализирани се следните активности:

- Изготвување на Годишна програма за сопствената работа;
- Учество во изготвување на Самоевалуација на училиштето;
- Работа на унапредување на воспитно-образовната работа;
- Соработка со наставниците, давање поддршка во изготвување на годишните и тематските подготовки, како и подготовките за додатна, дополнителна настава, вонаставни активности како и други планирања и програми на ниво на училиште;
- Поддршка на наставниците за работа со учениците;
- Поддршка на наставниците за водење на педагошката документација и евиденција;
- Соработка со родителите- советувања со родители и ученици кои имаат повеќе слаби оценки и имаат поголем број на направени изостаноци во наставта, чија цел е да се открие причината за слабите оценки и за големиот број на изостанувања од наставата и да се пронајде начин за подобрување на постигнувањата и намалување на нередовноста;
- Советодавна работа со учениците -нивно следење и пружање на дополнителна стручна помош за совладување на програмските барања;
- Работа со учениците од социјално загрозени семејства и соработка со пошироката општествена заедница;
- Учество во Инклузивниот тим за ученик-стручна поддршка на учениците со потешкотии во развојот;
- Учество во Комисијата за прегледување на педагошката документација;
- Учество во работата на активите, советот на одделенски и предметни наставници, наставничкиот совет и други стручни органи и тела во училиштето;
- Учество во комисијата за формирање паралелки, следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;
- Реализирање на посета на часови;
- Активно учество во проектите и програмските активности во кои е вклучено училиштето;
- Учество во изработка на статистички извештаи, анкети и анализи;

- Соработка со локалната средина и други институции;
- Водење на професионално досие на наставниците;
- Водење на сопствена евиденција и документација;
- Аналитичко-истражувачка работа и лично стручно усовршување;
- Активности за подобрување на безбедноста во училиштето и зголемување на мултиетничката интеграција и други тековни работи.

Изготвил:
**Анита Илиевска-педагог**

**11.5.2.** ***Извештај за работа на улилишен психолог за учебната 2024/2025 година***

Во текот на учебната година реализирани се следните активности:

- Прибирање податоци за вкупен број на ученици за учебната 2024/25 година;
- Личен план за професионален развој за секој наставник;
- Изготвување на табеларни прегледи за успех, редовноста и поведението на учениците од I и III класификациониот период, првото полугогодие и крајот на учебната година;
- Следење и споредба на успехот за учениците од IX одделение и I година во СОУ ,,Ѓорче Петров" во првото полугодие;
- Споредбена анализа за постигањата на учениците по одделение за редовноста по пол, етничка припадност, социјален статус и изречени педагошки мерки за последните 3 години;
- Учество во работа на одделенски и наставнички совет со презентација за успехот, поведението и редовноста на учениците.

Учество во работа на:

- Инклузивен тим на училиште (одржани 9 состаноци);
- Инклузивен тим на ученици кои работат по ИОП или модифицирана програма (одржани 8 состаноци);
- Соработка со образовни асистенти (3) кои работат со учениците со ПОП;
- Соработка со образовен медијатор за ученици-роми.

Учество во работа на Стручните активи со насоки и поддршка за одделенските раководители и наставници за планирање и реализирање на содржините за унапредување на МЗ (Менталното здравје).

Учество во комисија за запишување на ученици во I одделение за учебната 2025/2026 година. Вкупно се запишани 52 ученици.

Реализирање на Програма за Советување на родители и ученици, (реализирани вкупно 12 работилници) и тоа:

- 3 групи за ученици кои нередовно посетуваат настава, вклучени 23 родители за 25 ученици од кои 4 ученици не посетуваат настава, за што е известен и ДПИ и ЈУМЦСР;
- Три групи за ученици со намален успех, присутни 27 родители за 29 ученици;
- Во работилниците беа вклучени 50 родители за 54 ученици од кои 4 ученици не посетуваат настава;
- Реализирани се работилници советување со ученици, со вкупно 54 ученици во 6 групи;

Советодавна работа со ученици, наставници и родители.

Учество при изрекување на педагошки мерки (вкупно 17) и тоа: 12 усни опомени, 3 писмени опомени и 2 укори.

Ментор на тројца стручни соработници ( 2 библиотекари и специјален едукатор и рехабилитатор)-приправници;

Изготвување на програма и акциски план со активности за унапредување на Менталното здравје и добросостојбата на учениците;

- Изготвување на месечен извештај и доставување до одговорен координартор назначен од БРО;
- Реализирани 32 работилници со ученици од V до IX одделение;
- Работилници со членови на ученичкиот парламент;
- Предавање пред родителите членови од Совет на родители за важноста и грижата за МЗ-Менталното здравје;
- Во овој период од наставниците реализирани се вкупно 93 работилници.

Презентации, разговори со ученици од IX одделение за изборот на идната професија. Спроведување на прашалник за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците за изборот на идната професија. Вкупно 83 ученици беа анкетирани.

Изготвил:

**Снежана Јакимовска-психолог**

### 11.5.3. *Извештај за работа на училишен специјален едукатор и рехабилитатор за учебната 2024/2025 година*

Во текот на оваа учебна година реализирани се следните активности:

- Изработка на сопствена Годишна програма за работа на училиштето
- Формирање на паралелки за I одделение, прием на првачиња, прифаќање и распоредување на ученици со посебни образовни потреби (ПОП);
- Дефектолошка проценка на ученици со ПОП, за индивидуални можности и способности;
- Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП;
- Следење и поддршка на развој на учениците;
- Изработка на ИОП/Модифицирана програма за ученици со ПОП;
- Индивидуални часови со цел да се обезбеди ефективен пристап со цел да се пристапи до наставните содржини;
- Учество при ревидирање на ИОП/Модифицирана програма доколку е потребно;
- Развој и усовршување на социјалните вештини и комуникација;
- Употреба на вежби за надминување на дислексија, дисграфија, дискалкулија;
- Давање на насоки на наставниците за учениците со ПОП;
- Планирање на стратегии за оценување на учениците со ПОП;
- Соработка со родителите, разговор и советување доколку е потребно;
- Организирање на настани и воннаставни активности со цел вклучување на учениците со ПОП, инклузивност и прифаќање на различностите;
- Соработка со стручните соработници и останати стручни органи;
- Организирање на работилници и презентации;
- Презентирање на теми кои се во домен на подобување на инклузијата и вклученоста на учениците со ПОП на стручни активи;
- Разговор за теми и потешкотии со кои се соочуваат наставнциите во воспитно-образовниот процес;
- Советодавна работа со наставник-родител-стручен соработник;
- Член во Инклузивен тим на училиште и Инклузивен тим за ученик;
- Соработник во реализирање на активности од Црвен Крст-Крива Паланка;

- Распоред за индивидуални и групни активности со учениците кои имаат одредени потешкотии во наставата;
- Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие;
- Организација и одржување на Наставнички совет на крајот на првото полугодие;
- Изработка на Полугодишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- Учество во работилница за подобрување на Менталното здравје и добросостојба организирана и поддржана од Макпретрол;
- Активности и работичници за унапредување на Менталното здравје и добросостојбата на учениците;
- Учество во комисија за запишување на ученици во I одделение;
- Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето-Патрон празник;
- Организирање на Приемен ден на идните првачиња;
- Организирање и одржување на Одделенски совети на крајот на учебната година;
- Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет;
- Утврдување на успехот на учениците од одделенските испити на Наставнички совет;
- Подготовка за изработка на статистички и текстуален Годишен извештај за работата на училиштето;
- Изработка на годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- Соработка со институции кои се знајачни за работата на училиштето.

Изготвил:

**Ангела Крстевски-спец. едукатор и рехабилитатор**

### 11.5.4. *Извештај за работа на училишна библиотека за учебната 2024/2025 година*

Во рамките на училиштето е организирана училишната библиотека како посебна единица на воспитно-образовниот систем на училиштата наменета за воспитно-образовните и културните потреби на учениците и наставниот кадар.

Со своите фондови им помага на учениците и наставниците во извршување на секојдневните задачи и осовременување и унапредување. Оттука, улогата и работата на библиотекарот како стручен соработник во училиштето произлегува од динамичноста и комплексноста на активностите кои треба да ги реализира во училишната библиотека.

Училишната библиотека располага со: лектирни изданија, стручна литература и белетристика и со изданија на други јазици и тоа: српски, англиски, бугарски, романски и германски.

Најголем дел од книгите се за потребите на наставата по македонски јазик и литература, но има и книги од областа на други наставни предмети: историја, географија, биологија, физика итн.

Работното време на училишната библиотека е од 7:30 часот до 15:30 часот. Задолжувањето на учебници се врши со водење на записници, секој одделенски раководител прима учебници и на тој начин добива записник и ги задолжува целата учебна година. Секоја учебна година имаме нови учебници за учениците од прво, второ и трето одделение.

Во библиотеката го забележуваме секое издавање и примање на книги, список на членови, евиденција на прочитаното и евиденција на вратеното. Уредно и редовно водиме електронска евиденција на прием на учебници, организираме изложби од книги, литературни читања, како и зачленување на нови ученици од прво одделение. За нив во периодот на одбележување на Детска недела, подготвивме посебен прием во училишната библиотека и им посочивме колку е важно да се чита.

Во библиотеката се зачленети **420** ученика, кои добиваат членска картичка, а позајмувањето и враќањето на книгите ги забележуваме во картончиња. Секој ученик си има свое картонче нумерирано според бројот на членската картичка и во него е евидентирано секое задолжување на книги, со датум и секое враќање на истите е евидентирано со датум.

Училиштето располага и со фонд на учебници, кои учениците бесплатно ги добиваат и ги враќаат по завршување на учебната година За секој комплет од учебници водиме Училишната библиотека во тековната 2024/2025 година беше збогатена со 192 нови лектирни изданија, надополнета според потребите и недостатокот во библиотека, а наменети за учениците од прво до деветто одделение.

Според програмата предвидена за оваа учебна година се реализирани активностите согласно програмата и тоа:

- Во текот на годината имавме посета во библиотека од првачињата од нашето училиште со цел да се запознаат што е библиотека, со што располага и на кој начин се користи;
- Посета на Градската библиотека;
- Месецот на книгата веќе традиционално се одбележува секоја година во периодот од 15 октомври до 15 ноември во училиштата, со цел популаризација на читањето меѓу учениците. Во нашето училиште оваа година, овој настан го одбележавме, а истовремено и збогативме. Го одбележавме со организирање на работилница на која учествуваа ученици од VII и IX одделение, кои на креативен начин изработија ѕидни паноа со инспиративни цитати на познати светски автори и научници на тема **„Книга и читање".**
- По повод 21 Февруари-Меѓународен ден на мајчиниот јазик, учениците од V одделение одржаа рецитал под наслов „Мојот мајчин јазик" и на еден креативен начин ни укажаа на должноста дека секој човек треба да го почитува, негува и чува својот јазик, како и да ја почитува повеќејазичноста во светот, бидејќи секој јазик е нечиј мајчин јазик.
- По повод 21 Март-Светскиот ден на поезијата, учениците од нашето училиште го одбележаа со пригоден рецитал посветен на македонските поети Блаже Конески и Кочо Рацин под наслов „Современи македонски поети".
- По повод 2 Април-Светскиот ден на литературата за деца, се одржа работилница во која учениците на креативен начин читаа и пишуваа пораки од своите омилени ликови од книгите за деца. Целта на овој настан е да се истакне љубовта кон читањето кај децата и да се нагласи важноста на книгите и се одбележува во чест на познатиот детски писател Ханс Кристијан Андерсен.
- Во НУ Центар за култура-Крива Паланка на 14 Април 2025 година, се одржа Општинскиот натпревар „Млади библиотекари 2025 година", на кој учестуваа ученици од нашето училиште
- На 5 Јуни нашето училиште го посетија дечињата од Детската градинка „Детелнинка" -Крива Паланка, нашите идни првачиња и имаа можност да се запознаат со значењето на библиотеката.

Изготвил:

**Маја Митровска-библиотекар**

### *11.6. Извештај за работа на Инклузивен тим на училиште за учебната 2024/2025 година*

Според програмата предвидена за оваа учебна година се реализирани активностите согласно програмата и тоа:

- Изготвување на годишна програма за работа на Инклузивниот тим;
- Формирање на тим за инклузија на учениците со ПОП;
- Запознавање со бројот на ученици до ПОП (разговор со наставниците);
- Изработка на ИОП/Модифицирана програма според потребните на учениците со ПОП;
- Следење на напредокот преку опсервација, разговор со наставниците, родителите и учениците;
- Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП (евиденција на успехот и редовноста, користење на инстументи за следење и вреднување на постигањата);
- Подобрување на стратегиите за учење (советување, консултација, разговор со родители, одд. наставници, одд. раководители и ученици);
- Утврдување на јаки и слаби страни од реализација на Индивидуалниот образовен план/Модифицирана програма;

### *11.7. Извештај за работата на стручните активи*

За успешно реализирање на наставниот процес наставниците од нашето училиште се групирани во 3 стручни активи:

- Стручен актив на одделенска настава;
- Стручен актив на општествено-јазично подрачје ;
- Стручен актив на природно-математичко подрачје.

Пред почетокот на учебната година стучните активи изготвија годишни програми со планирани активности кои се реализираа за да се постигнат посакуваните цели и задачи. Активностите предвидени за учебната 2024/2025 година во целост се реализирани, а се однесуваат на следните активности:

- усовршување и прилагодување на програмите на ниво на возраста на учениците;
- осовременување на наставата со воведување на новите техники на учење;
- соработка со родителите и учениците;

- работа со ученици со послаби постигнувања, подготовка на учениците за регионалните и државните натпревари;
- перманентно следење и оценување на учениците со различни инструменти, показатели, стандарди;
- подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес;
- зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување;
- дискутираа и разработуваа стручни теми за унапредување на воспитно-образовниот процес.

### 11.7.1. *Извештај за работа на стручен актив за одделенска настава за учебната 2024/2025 година*

| Ред. број | Содржина | Реализатор | Време | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Извештај од Претседателот на стручниот актив на одд. настава за работата на активот за учебната 2023/24 година<br><br>Усвојување на годишната програма за работа на СА за учебната 2024/25 година | Одговорен наставник:<br><br>Живка Стоилковска | 30.8.<br><br>2024 | Сите членови на активот | Усвоена годишна програма |
| **2.** | Тема-Реализирање на активности за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците<br><br>Тековни прашања-Запознавање со насоките дадени од МОН и БРО | Снежана Јакимовска психолог-<br><br>Директор: Лорета Димитровска | 30.10.<br><br>2024 | 26 наставници-членови на стручната служба | Стекнати нови знаења<br><br>Размена на искуства |
| **3.** | 1.Тема-Водич низ медиумската писменост<br><br>2.Водење на педагошка | Наташа Младеновска<br><br>одделенски наставник | 12.12.<br><br>2024 | 22 наставници - членови на стручната служба и волонтерот од Мировен | Стекнување нови знаења за препознавање на разни типови вести- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | евиденција и документација<br>-Рагледување на правилникот за воннаставни активности-секции, проекти, екскурзии<br><br>3.Тековни прашања<br>-Одбележување на новогодишните празници | Живка Стоилковска-одделенски настаник<br>Добри Јовевски<br>Одделенски наставник-ментор<br><br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за одбележување на претстојните празници и учество во Новогодишниот базар во организација на Дом на култура Крива Паланка | | корпус во нашето училиште | точни и неточни<br>Користење на медиумите во наставата<br><br>Споделување искуства меѓу колегите |
| 4. | 1. Менталното здравје- основа за развој на личноста<br>2. Препораки и насоки за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците<br>3. Насоки за планирање и реализирање на наставата<br>Внесување на активности: дополнителна, додатна, воннаставни активности, слободни активности<br>4.Тековни прашања<br>-Начин на одбележување на патрон празник на училиштето | Снежана Јакимовска<br>Психолог<br>Ангела Крстевски<br>специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Живка Стоилковска<br>Одделенски наставник | 18.2.<br>2025 | 24 наставници-членови на стручната служба | Улогата на менталното здравје врз развојот на личноста<br>Техники за справување со ситуации на стрес<br>Препораки од МОН и БРО за начин на безбедно користење на дигитални платформи и уреди од страна на учениците<br>Начини на контрола и заштита од страна на родителите и наставниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Насоки за внесување на активностите според наставните програми и планирања<br><br>Предлози и идеи од наставниците за одбележување на патрон празникот на училиштето |
| 5. | Нагледен час по ФЗО-тандем тим | Марина Ѓошевска, наставник по ФЗО<br><br>Оливер Дејановски. одд.наставник | 12.5. 2025 | 26 наставници-членови на стручната служба | Тандем настава по физичко и здравствно образование<br><br>Подобра соработка<br><br>Начин на реализирање на часовите |
| 6. | 1.Избор на нов претседател на стручен актив<br><br>2. Тековни прашања<br><br>-Инструкции за педагошка документација за I и III одделение<br><br>-Насоки како да се потполнува додаток на свидетелство | Живка Стоилковска<br><br>Одделенски наставник<br><br>Директор: Лорета Димитровска | 17.6. 2025 | Сите членови на активот | Избран нов претседател на стручен актив<br><br>За учениците од I и III одделение- се постапува според Правилникот за потполнување на документација<br><br>Додаток на свидетелство да се копира и да се скенира, а потоа да се зачуваат во архива |

Претседател на стручен актив:
**Живка**
**Стоилковска**

### 11.7.2. *Извештај за работа на стручен актив на Општествено-јазично подрачје за учебната 2024/2025 година*

| Ред. број | Содржина | Реализатор | Време | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Формирање на стручниот актив<br><br>Планирање и изготвување на годишната програма за работа на активот и нејзино усвојување | Одговорен наставник:<br><br>Сања Јанковска | 30.8.<br><br>2024 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |
| **2.** | Индивидуален образовен план (ИОП) и модифицирана програма. | Специјален едукатор и рехабилитатор:<br><br>Ангела Крстевски | 01.10.<br><br>2024 | 14<br><br>(четиринаесет) | Стекнување нови знаења за подобрување на инклузивната практика<br><br>Правење разлика меѓу ИОП и модифицирана програма<br><br>Размена на искуства |
| **3.** | Реализирање на активности за подобрување на безбедонста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес. | Директор:<br><br>Лорета Димитровска<br><br>Училишен психолог:<br><br>Снежана Јакимовска | 29.10.<br><br>2024 | 15<br><br>(петнаесет) | Изготвување акциски план за за реализирање на активности за подобрување на безбедонста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Споделување искуства меѓу колегите |
| **4.** | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина. | Наставник по природни науки:<br>Моника Дејановска<br>Наставник по биологија:<br>Ивица Петровски | 11.12.<br>2024 | 17<br>(седумнаесет) | Стекнување знаења за ГЛОБЕ програмата<br>Примена на знаења од оваа програма во нашето училиште<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| **5**. | Менталното здравје како основа за развој на личноста<br>Препораки и насоки за безбедно користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците | Снежана Јакимовска – училишен психолог<br>Ангела Крстевски – специјален едукатор и рехабилитатор | 19.2.<br>2025 | 15<br>(петнаесет) | Важноста и влијанието на менталното здравје врз развојот на личноста<br>Подигање на свеста за безбедноста при користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците |
| **6**. | Препораки и насоки за безбедно користење на дигиталните платформи од страна на учениците<br>Препораки за евиденција на додатна и дополнителна | Марија Смиљков – наставник по информатика<br>Анита Илиевска – училишен педагог<br>Сите наставници од активот | 13.5.<br>2025 | 18.<br>(осумнаесет) | Подигање на свеста за безбедноста при користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците<br>Дискусија околу евиденцијата на додатна и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | настава, слободни ученички активности, воннаставни активности | | | | дополнителна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности |
| **7.** | Идентитетот како човечка посебност и особеност (тема од граѓанско образование) | Никола Георгиевски наставник по граѓанско образование Сите наставници од активот | 3.6. 2025 | 14 (четиринаесет) | Презентација и подигање свест за поимот индентитет |
| **8.** | Годишен извештај за работа на стручниот актив во учебната 2024/2025 година Избор на нов претседател на стручниот актив | Одговорен наставник Сања Јанковска Сите наставници од активот | 18.6. 2025 | Сите колеги од активот | Презентиран годишен извештај за работата на стручниот актив |

Претседател на стручен актив:
**Сања Јанковска**

### 11.7.3. *Извештај за работа на стручен актив Природно - математичко подрачје за учебната 2024/2025 година*

| Ред. број | Содржина | Реализатор | Време | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Формирање на стручниот актив Планирање и изготвување на годишната програма за работа на активот и нејзино усвојување | Одговорен наставник: Оливер Георгиевски | 30.8. 2024 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Индивидуален образовен план (ИОП) и модифицирана програма. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Ангела Крстевски | 01.10.<br>2024 | 14<br>(четиринаесет) | Стекнување нови знаења за подобрување на инклузивната практика<br>Правење разлика меѓу ИОП и модифицирана програма<br>Размена на искуства |
| **3.** | Реализирање на активности за подобрување на безбедонста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес. | Директор:<br>Лорета Димитровска<br>Училишен психолог:<br>Снежана Јакимовска | 29.10.<br>2024 | 15<br>(петнаесет) | Изготвување акциски план за за реализирање на активности за подобрување на безбедонста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| **4.** | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина. | Наставник по природни науки:<br>Моника Дејановска<br>Наставник по биологија:<br>Ивица Петровски | 11.12.<br>2024 | 17<br>(седумнаесет) | Стекнување знаења за ГЛОБЕ програмата<br>Примена на знаења од оваа програма во нашето училиште<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| **5.** | Менталното здравје како основа за развој на личноста<br>Препораки и насоки за безбедно | Снежана Јакимовска – училишен психолог | 19.2.<br>2025 | 15<br>(петнаесет) | Важноста и влијанието на менталното здравје врз |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците | Ангела Крстевски – специјален едукатор и рехабилитатор | | | развојот на личноста<br><br>Подигање на свеста за безбедноста при користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците |
| **6.** | Препораки и насоки за безбедно користење на дигиталните платформи од страна на учениците<br><br>Препораки за евиденција на додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности | Марија Смиљков – наставник по информатика<br><br>Анита Илиевска – училишен педагог<br><br>Сите наставници од активот | 13.5.<br><br>2025 | 18.<br><br>(осумнаесет) | Подигање на свеста за безбедноста при користење на дигиталните платформи и медиуми од страна на учениците<br><br>Дискусија околу евиденцијата на додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности |
| **7.** | Идентитетот како човечка посебност и | Никола Георгиевски наставник по | 3.6. | 14 | Презентација и подигање свест |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | особеност (тема од граѓанско образование) | граѓанско образование<br>Сите наставници од активот | 2025 | (четиринаесет) | за поимот индентитет |
| **8.** | Годишен извештај за работа на стручниот актив во учебната 2024/25 год,<br>Избор на нов претседател на стручниот актив | Одговорен наставник<br>Сања Јанковска<br>Сите наставници од активот | 18.6.<br>2025 | Сите колеги од активот | Презентиран годишен извештај за работата на стручниот актив |

Претседател на стручен актив:
**Оливер Георгиевски**

## 11.8. *Извештај за работа на Совет на родители*

**Советот на родители** соработуваше со директорот, наставниците и стручните соработници и со свои претставници учествуваше во работата на Училишниот одбор. Во првото полугодие се одржаа 4 седници на кои се разгледуваше:

- Кооптирање на нови членови во Советот на родители;
- Избор на претседател на Совет на родители;
- Избор на претставник за член на Училишен одбор;
- Запознавање со Годишниот извештајот за работата на училиштето за претходната учебна 2023/2024 година;
- Запознавање со Годишната програма за работа на училиштето за претходната учебна 2024/2025 година;
- Запознавање со Годишната програма за работа на Совет на родители за учебната 2024/2025 година;
- Запознавање со планираните проекти, планираните екскурзии во училиштето, како и со Комисија за реализација на екскурзиите;
- Вклученост на родителите во активности на училиштето;
- Учество во избор на понудувач за осигурување на учениците;

- Мислење за програма за реализација на екскурзии во училиштето;
- Успехот, редовноста и поведението на учениците;
- Извештај од реализирани екскурзии и излети;
- Предлог иницијативи за спроведување на активности за одбележување на Нова година;
- Начинот на одвивањето на воспитно-образовната работа на училиштето и се даваа мислења и предлози за унапредување на истата. На состаноците се разгледуваше и безбедносната состојба во училиштето.
- Запознавање со Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- Анализа на постигнатиот успех кај учениците од I-IX одделение од првото полугодие за учебната 2024/2025 година;
- Препораки и насоки за безбедно користење на дигиталните пратформи од страна на учениците по предлог од Бирото за развој;
- Анализа на постигнатиот успех кај учениците од I-IX одделение во третиот класификационен период за учебната 2024/2025 година;
- Предлози и информации по повод одбележување на Патрон празникот на училиштето и полуматура за учениците од IX одделение.

**Претседател**
**Виолета Илиевска**

## 11.9. *Извештај за работа на Училишна заедница*

Во нашето училиште активно работеа **Ученичкиот парламент** и **Детска организација**. Членови на овие групи се претставници од сите паралелки кои ги претставуваа интересите на учениците, организираа редовни состаноци според изготвена програма за работа. Со учениците се работеше на зајакнување на капацитетите на училишната заедница со редовни состаноци.

### 11.9.1*. Извештај од работа на Ученички парламент*

Според предвидената годишна програма за учебната 2024/2025 година реализирани се следниве активности:

| Ред бр. | Активност | Време | Заклучоци |
|---|---|---|---|
| **1.** | Дневен ред:<br>**1.** Запознавање на учениците со значењето и обврските на | | Одржан состанок со претставниците, а воедно и членови на училишниот парламент од II до IX одделение, директорката на училиштето Лорета Димитровска, психологот Снежана Јакимовска и педагогот Анета |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ученичкиот параламент;<br><br>**2.** Презентација на годишната програма на Ученичкиот парламент;<br><br>**3.** Зошто е потребно да се формираат ученички тела (формирање и функционирање);<br><br>**4.** Тековни прашања. | 16.9.2024 | Илиевска. Состанокот го водеше претседателот на училишниот парламент Марија Ристовска која даде кратки информации за задачите и обврските на членовите на парламентот. Исто така обраќање имаа директорката на училиштето, психологот Снежана Јакимовска и педагогот Анета Илиевска, кои дадоа образложение за правата и обврските на учениците, за работата и значењето на парламентот. Директорката ги поздрави членовите и даде комплетна поддршка на ученичкиот парламент. |
| **2**. | Дневен ред:<br>**1.** Избор на раководство на Ученичкиот парламент;<br><br>**2.** Тековни прашања. | 27.9.2024 | Одржан состанок со членовите на училишниот парламент. На состанокот беше дадено предлог за избор на правобранител на ученичкиот парламент, додека пак претседателот останува истиот од минатата година со важечки мандат, двајца заменици на правобранителот и записничар од страна на учениците. По пат на тајно гласање беа избрани раководните тела на парламентот и тоа:<br><br>Претсеател:Божица Ивановска IX-3<br><br>Правобранител: Ина Димитровска VIII-1<br><br>Секретар: Ева Стојановска IX-2<br><br>Заменик претседател: Виктор Ѓеоргиевски IX-3<br><br>Заменик правобранител: Марија Стојановска ПОУ„Илинден' с.Конопница<br><br>Заменик правобранител:Алекс Митовски VII 3<br><br>Благајник: Лука Стаменковски VIII-1 |
| **3.** | Дневен ред:<br>**1.** Новогодишна магија; | 12.12.2024 | Одржан состанок на тема Новогодишна магија во нашето училиште (украсување и уредување на училиштето). Исто така на состанокот беше дискутирано како и со што да се уреди училиштето за новогодишните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **2**. Тековни прашања. | | празници се со цел да се добие пријатна празнична атмосфера.<br>Од страна на учениците беа дадени повеќе предлози за набавка на украси, но истите да бидат изработени од самите ученици и од рециклиран материјал.<br>Исто така беа формирани работни групи во училиштето каде што со материјали од училиштето беа изработени декорации. |
| **4.** | Дневен ред:<br>**1**. Забранета злоупотреба на пиротехнички средства;<br>**2**. Тековни прашања. | 20.12.2024 | Одржан состанок на тема „Забранета злоупотреба на пиротехнички средства“.Од страна на учениците беше изготвено соопштение за забранета злоупотреба на пиротехнички средства како не би дошло до несакани повреди кај учениците. Соопштението беше прзентирано на сите ученици од прво до деветто одделение. |
| **5.** | Дневен ред:<br>**1**. Разгледување на успехот кај учениците во првото полугодие за учебната 2024/2025 година;<br>**2**. Средства доделени од хуманитарни цели од одржаниот Новогодишен базар;<br>**3**. Организирана хуманитарна акција за сограѓанка-донирани средства за лекување;<br>**4**. Разговор за претстојниот празник 8 Март-идеи за избработки и начин на одбележување;<br>**5**. Тековни прашања. | 13.2.2025 | По предложениот дневен ред, во однос на првата точка се обрати психолог: Снежана Јакимовска, за запознавање со успехот на училиштето во првото полугодие за учебната 2024/2025 година.<br>Претседателот се обрати за собраните средства од Новогодишниот базар и одлука за нивно доделување. Овие средства се доделени на две семејства.<br>За нашата сограѓанка беа собрани и донирани парични средства со цел за лекување.<br>За претстојниот празник 8 Март, се предложиа неколку идеи како да се одбележи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | Дневен ред:<br><br>**1**. Изработка на рози-со украсна хартија по повод одбележување на 8 Март;<br><br>**2**. Учество на учениците и подарување на изработките;<br><br>**3.** Тековни прашања. | 6.3.2025<br>7.3.2025 | Учениците со потребните материјали се договорија да изработат рози по повод одбележување на 8 Март.<br><br>Откако се изработија, на 7 Март (петок), беа доделени на вработените од училиштето. |
| **7.** | Дневен ред:<br><br>**1**.  Справување со чувствата;<br><br>2. Тековни прашања. | 3.4.2025 | Психолог-Снежана Јакимовска зборуваше на тема: Техники за справување со стресот.<br>Какви се нашите реакции на стрес?<br>Што правиме тогаш и како се чувствуваме? |
| **8.** | Дневен ред:<br><br>1. Организирање на хуманитарна акција за ученици на кои им е потребна финансиска помош;<br><br>2. Тековни прашања. | 10.4.2025 | Организирање на хуманитарна акција за двајца ученици на кои им е потребна финанскиска помош |
| **9.** | Дневен ред:<br><br>1. Одржана хуманитарна акција;<br><br>2. Тековни прашања. | 14.4.2025 | Се одржа хуманитарна акција во нашето училиште, на која беа собрани парични средства, кои понатаму беа наметени за двајцата ученици. |

Изготвил:

**Марија Ристовска**

Одговорен наставник

**11.9.2.** ***Извештај за работа на Детска организација***

Преку активностите на Детската организација се одвиваат јавните и културните активности во училиштето каде членуваат сите ученици, со изготвен план за работа кој е составен дел на прилозите.
Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност за нивно вклучување во работата на детска организација согласно нивните потреби и интереси.

Содржините во наставните планови и програми, особено часовите на одделенската заедница на кои се спроведуваат активности во рамките на Проектот за „Образование за животни вештини“ и Проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“ кои преку планираните содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на истите и емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност. Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.

При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини.

Според предвидената годишна програма за учебната 2024/2025 година реализирани се следниве активности:

| Ред бр. | Активност | Време | Заклучоци |
|---|---|---|---|
| **1.** | Дневен ред:<br>**1.** Запознавање на учениците со значењето и работа на детска организација;<br>**2.** Избор на раководство на детска организација; | Септември | Одржан состанок со претставниците, а воедно и членови на училишниот парламент од второ до деветто одделение. Состанокот го водеше претседателот на детска организација Наташа Цветковска Стојановска која даде кратки информации за работа на детска организација.<br>Ова беше општо запознавање и упатство за понатамошни активности.<br>Одржан состанок со членовите на училишниот парламент. На |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **3.** Тековни прашања. | | состанокот беше дадено предлог за избор на претседател и записничар од страна на учениците.<br>По пат на тајно гласање беа избрани раководните тела на парламентот и тоа:<br>Претседател:Ина Илиевска<br>Записничар: Лана Милева |
| **2.** | Дневен ред:<br>**1.** Свечен прием на првачиња;<br>**2.** Тековни прашања. | Септември | Свечен прием на првачињата со приредба од нашите ученици. |
| **3.** | Дневен ред:<br>**1.** Потсетување и одбележување на светскиот ден на учителите;<br>**2.** Изработка на јаболки по повот 21 октомври; Светскиот ден на јаболкото;<br>**3.** Тековни прашања. | Октомври | Одбележување на денот на учителите.<br>Пишување на поетски творби и изработка на ликовни творби.<br>Изработка на јаболки по повод 21 октомври **Светскиот ден на јаболкото.** |
| **4.** | Дневен ред:<br>Недела на детето под мото ***ПРАВАТА НА ДЕТЕТО– безбеден чекор кон срeќно детство!***<br>**1.** Светски ден на штедењето;<br>**2.** Тековни прашања. | Октомври | Одржан состанок на тема под мото ***ПРАВАТА НА ДЕТЕТО – безбеден чекор кон срeќно детство!***<br>Читање пораки за правата и должностите на децата.<br>Видео запис, презентација со кое ги повторија и воедно се потсетија на детските права и должности кои ги имаат децата во светот. |
| **5.** | Дневен ред: | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **1**. Да ја осознаеме улогата на Црвениот Крст во светот;<br><br>**2**. Тековни прашања. | Ноември | Планирање на хуманитарна акција да се помогне на ученици кои имаат потреба од помош (храна, облека, школски прибор парична помош и слично). |
| **6.** | Дневен ред:<br><br>**1.** Одбележување на 3 Декември- Меѓународниот ден на лицата со интелектуална попреченост- Развивање на свеста и прифаќање на овие лица;<br><br>**2.** Новогодишна магија (Новогодишен хепенинг);<br><br>**3.** Божиќна работилница;<br><br>**4.** Приредуање новогодишна забава и припрема за Нова година;<br><br>**5.** Тековни прашања. | Декември | Одржан состанок на тема Новогодишна магија во нашето училиште (украсување и уредување на училиштето). Исто така беше разговарано да се учествува на „Новогодишниот базар“, каде изработките беа продадени од чии средства ќе се донира и помогне на социјално загрозено семејство.<br>Тоа беше дискутирано на наставнички совет. На состанокот беше дискутирано како и со што да се уреди училиштето за новогодишните празници се со цел да се добие пријатна празнична атмосфера. Од страна на учениците беа дадени повеќе предлози за набавка на украси но истите да бидат изработени од самите ученици и од рециклиран материјал. Оваа активност беше одржана заедно со дел од ученици на ученичкиот парламент. |
| **7.** | Дневен ред:<br><br>**1**. Одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик;<br><br>**2**. Тековни прашања | Февруари | Учениците од V одделение, одржаа рецитал под наслов „Мојот мајчин јазик“ и на креативен начин укажаа на должноста дека секој човек треба да го почитува, негува и чува својот јазик, а исто така треба да ја почитуваме и повеќејазичноста во светот, бидејќи секој јазик е нечиј мајчин јазик. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.** | Дневен ред:<br><br>**1**. Одбележување на Светскиот ден на поезијата;<br><br>**2**. Тековни прашања. | Март | Учениците до одбележаа овој значаен ден преку пригоден рецитал посветен на македонските поети Блаже Конески и Кочо Рацин под наслов „Современите македонски поети“. Преку овој настан, целта беше исполнета да се рецитираат песните усно, да се збогати речникот на учениците и да се запознаат со богатото творештво за македонските современици. |
| **9.** | Дневен ред:<br><br>**1.** Одбележување на Светскиот ден на литературата;<br><br>**2**.Тековни прашања. | Април | Се одржа работилница во која учениците на креактивен начин читаа и пишуваа пораки од своите омилени ликови од книгите за деца. Преку оваа работилница, целта беше исполнета да се истакне љубовта кон читањето кај децата и важностаа на книгите. |
| **10.** | Дневен ред:<br><br>**1**. Одбележување на Патрониот празник на училиштето;<br><br>**2.** Тековни прашања. | Мај | Ден посветен на знаења, труд и вредности што секојдневно ги негуваме преку едукативни, културни и спортски настани |
| **11.** | Дневен ред:<br><br>**1**. Одбележување на Светскиот ден на детето;<br><br>**2**. Тековни прашања. | Јуни | Преку активности наменети за децата, учениците го одбележаа овој значаен ден. |

Изготвил:

**Наташа Цветковска Стојановска**

**Претседател на детска организација**

**11.10. *Извештај за работа на Основната организација на Подмладокот на црвениот крст при ООУ„Илинден“-Крива Паланка за учебната 2024/2025 година***

На почетокот на првото полугодие се одржа состанок на кои беа повикани членовите на ПЦК од нашето училиште од секоја паралелка. На состанокот беа избрани одделенски одбор од четири члена и исто така се дискутираше за развивање на чувство за хуманитарност и солидарност.

| **Активности** | **Време на реализација** |
|---|---|
| Избирање на Одделенски одбор од четири члена | септември |
| Снабдување на дредени ученици со училишен прибор | септември |
| Одбележување на неделата на ТБЦ | септември |
| За учениците кои беа собрани парични средстава од претходната учебна година, продолжија со земање на оброк-храна во период од три месеци | септември |
| Се спроведе акција за чистење на училишниот двор, за да се развие љубов кон природата | октомври |
| Се разговараше со учениците од страна на медицинско лице за претпазлиост од заразни болести, за да се здобијат со знаења за одредена болест | октомври |
| Се одбележа месецот на борба против зависности (пушењето, алкохолот и наркоманијата)- преку предавање со учениците од VII и VIII оддление кое имаше цел да ја зголеми Здраврствената култура | ноември |
| Членовите на ПЦК направија посета на стари, сами и изнемоштени лица за кои беа обезбедени хуманитарни пакети со храна и лекарства, со кое се зголеми чувството на емпатија и поддршка. | ноември |
| | декември |

| | |
|---|---|
| Членовите на ЦК одржаа типизирано предавање на тема „Запознавање со СИДА-та“ | |
| Со учениците од VII и VIII одделение се одржа предавање на тема: „Превенција од болести на зависност“ | декември |
| Хуманитарна акција со благородна цел, а средствата кои ќе бидат собрани ќе бидат наменети за поддршка на матурантите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, за да можат да ја одбележат матурата на достоинствен начин | јануари |
| ЦКА-ПХВ програма за ученицитем преку која се овозможи регрутирање на нови волонтери, промоција на културата-како систем од вредности, промоција на активни знаења, активен пристап кон животот и изработка на мали проекти | февруари |
| Одбележување на 80 години јубилеј од основање на Црвениот Крст на Република Северна Македонија | февруари |
| Клубот на млади изработуваа мартинки во просториите на ООЦК-Крива Паланка | март |
| Ученици од нашето училиште зедоа учество во одржување на настанот Невестинско поклопнение-Свети Теодор Тирон во с. Конопница, преку која ја почитуваат традицијата и се истакнуваат значењата на семејните врски | март |
| Изработка на цвет-украси по повод одбележување на Денот на жената-8 Март | март |
| Работилница на тема: Дисеминација-кои се основните принципи, што е значението на Црвен Крст и хуманитарните вредности | април |
| Недела на солидарноста (15-20 април) со донација на облека, обувки, храна и средства за хигиена за оние на кои им е најпотребно | април |
| Интрактултурен натпревар-ПХВ преку изработка на различни хумантирарни проекти кои потоа помогнаа на семејствата од ранливата категорија | мај |
| Учество на општински натпревар по прва помош | мај |
| Презентација и работилница за учениците во просториите на ОЦК-Крива Паланка | мај |

Изготвиле:

**Славица Ристовска-** одделенски раководител

**Ангела Крстевски-**спец.едукатор и рехабилитатор

## 11.11. *Извештај за работа на Медиумски клуб*

Во свет каде што медиумите се присутни на секој чекор, нашите ученици стануваат не само пасивни консументи, туку и активни креатори на медиумски содржини. Медиумскиот клуб при нашето училиште, кој започна со работа во октомври, претставува простор каде што младите умови се поттикнуваат да размислуваат критички, да раскажуваат приказни и да комуницираат со светот на креативен начин.

### *Цели на клубот*

- Подобрување на медиумската писменост кај учениците;
- Развој на способности за критичко размислување и јавно говорење;
- Поттикнување на тимска работа и креативно изразување;
- Стекнување практични вештини во мобилно новинарство и продукција на поткасти.

Во клубот членуваат 15 ученици кои секоја недела се собираат за да споделат идеи, истражуваат и работат на проекти.

- Снимија кратки едукативни видеа преку кои сакаа да ги информираат и инспирираат своите врсници;
- Креираа поткасти, нов и модерен медиумски формат, каде што отворено дискутираат за теми кои ги засегаат младите;
- Го менаџираа присуството на училиштето на социјалните мрежи, редовно објавувајќи содржини за училишниот живот;
- Подготвуваа прилози за спортските настани во училиштето, при што го поттикнаа тимскиот дух и љубовта кон спортот.

Најголемата гордост на клубот се проектите кои резултираа со позитивни реакции од учениците, наставниците и родителите. Едно од видеата стана особено популарно,

споделувајќи практични совети за учење, а поткастите го отворија просторот за гласот на учениците.

Со оглед на огромниот интерес и ентузијазмот, планираме да го прошириме бројот на членови, да вклучиме професионални гости во нашите работилници и да ја зголемиме соработката со локалните медиуми.

***Главни реализирани активности***

- Обуки и работилници за медиумска писменост и дезинформации;
- Изработка и реализација на сценарија за кратки видео и аудио прилози;
- Активна работа во училишното **подкаст студио**;
- Интервјуа со наставници и ученици;
- Учество на онлајн обуки поддржани од Македонскиот институт за медиуми;
- Објавување на содржини на училишната веб-страница и социјални мрежи.

***Истакната активност*: Поткастот како нова училница.** Во рамките на клубот, се реализираше активност под наслов:

Гласот на учениците: ***Поткастот како нова училница во ООУ „Илинден“*.** Благодарение на медиумскиот клуб што активно функционира во рамките на училиштето, учениците започнаа со снимање и продукција на свој училиштен поткаст. Ова не е само уште една воннаставна активност, туку вистинска мала медиумска лабораторија каде децата учат, создаваат и комуницираат, на начин кој е близок до нив и во чекор со современите технологии.
Целта на овие поткасти е учениците активно да разговараат за теми поврзани со училишниот живот, наставните содржини кои ги изучуваат, како и за актуелни настани и активности што се случуваат во рамките на училиштет. Ваквите методи, им овозможува на учениците да бидат гласни  и да зборуваат за теми кои ги засегаат, споделуваат искуства од училишниот живот, дискутираат за наставни содржини, организираат интервјуа со наставници и соученици, и пренесуваат атмосфера од настаните што се случуваат во училиштето. Во процесот на подготовка на секоја епизода, учениците истражуваат, пишуваат сценарија, снимаат, уредуваат и објавуваат, со што поминуваат низ сите фази на продукција на еден современ медиумски производ.
Кога ќе се види како децата се подготвуваат за новата епизада може да се каже дека зад микрофонот не се кријат само гласови , туку и процес на учење. Поткастот стана иновативна образовна алатка која ги поврзува традиционалното знаење со новите медиуми. Децата стекнуваат и зајакнуваат вештини како јавно говорење, креативно пишување, тимска работа, дигитална писменост и критичко мислење.
Оваа активност претставува современ начин на учење, интерактивен пристап кој овозможува учениците да развијат низа значајни вештини: од јавно говорење и јазично изразување, до мултимедијално уредување, дигитална писменост и критичко мислење.

Ваквиот начин на учење претставува можност учениците не само што создаваат содржини, туку и да учат како да ги користат медиумите одговорно и креативно.
Медиумскиот клуб на училиштето „Илинден" функционира со поддршка од Македонскиот институт за медиуми, кој обезбедува стручна и менторска поддршка за наставниците и учениците. Целта не е само техничко производство на епизоди, туку создавање култура на медиумска писменост уште од најрана возраст, култура на одговорно и свесно користење на медиумите како средство за учење, изразување и учество во заедницата.
Во секоја нова епизода може да се почувствуваат креативноста, љубопитноста и ентузијазмот на една генерација што расте со медиумите, но учи како да ги користи паметно.

### *Постигнувања и влијание*

- Зголемена мотивација кај учениците за учење преку медиумски алатки;
- Подобрување на јазични и комуникациски вештини;
- Развивање на свест за одговорно користење на медиумите;
- Соработка помеѓу наставници и ученици преку креативен процес.

### *Поддршка и партнерства*

Медиумскиот клуб функционира со менторска поддршка на наставникот Добри Јовевски и Анета Трајковска во соработка со Македонскиот институт за медиуми. Институтот обезбедува континуирана обука, професионални насоки и ресурси за реализација на активностите.

### *Заклучок*:

Медиумскиот клуб не е само место за учење – тоа е простор каде што креативноста и иновациите ја градат иднината. Со секој снимен прилог и секоја напишана приказна, нашите ученици стануваат посамоуверени и поспремни да се соочат со предизвиците на модерниот медиумски свет.

**Листа на детали за одржани средби за учебната 2024/2025 година:**

| Датум на одржување | Тема на часот | Број на присутни ученици |
|---|---|---|
| 9.10.2024 | Избор на членови | 15 |
| 14.10.2024 | Потсетување-задачи и активности на Клубот | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| 21.10.2024 | Подготовка на Акционен план за работа на клубот | 15 |
| 28.10.2024 | Работилница за иновативен медиумски производ | 15 |
